СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Осумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 март 1998 година

Скопје, март 1998 година

**87 (ОСУМДЕСЕТ И СЕДМА) СЕДНИЦА, I ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 26.III.1998 г.**

...ИЗВЕШТАЈ НА АНКЕТНА КОМИСИЈА НА СОБР. НА РМ ЗА СОГЛЕДУВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИ ПРЕЧЕКОРУВАЊА НА ОВЛАСТУВАЊАТА ПРИ ИНТЕРВЕНЦИЈАТА НА ПОЛИЦИЈАТА НА 9.VII.1997 год. (ГОСТИВАР)


1. АНДОВ СТОЈАН 5, 9
2. АБДИ ФАИК 56, 64
3. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД 101
4. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ 50, 58
5. ГОШЕВ ТУШЕ 76, 82
6. ИБРАХИМИ САМИ 25, 28
7. КАДРИУ ЗЕКИР 36, 42, 45 (на стр.49 не е завршена мислата)
8. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 64
9. ПЕТКОВСКИ ТИТО (претседател на Собрание) 1
10. РАМАДАНИ ИСМЕТ 29, 34
11. РАМАДАНИ САЛИ 66, 71
12. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН 22
13. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 89, 95, 98, 99
14. ТУДА РАМИ 12, 15, 19
15. ТРИПУНОВСКИ МИРКО 19, 21
16. ТАИРИ МЕВЉАН 83, 88
17. ФИЛИПОВСКИ БЛАГОЈА (го заменува претседателот) 18
18. ХАСИПИ КЕНАН 1
19. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН 18
20. ШАЌИРИ ХИСНИ 95, 99


С Е Д Н И Ц А Т А   П Р О Д О Л Ж У В А !

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Првото продолжение на Осумдесет и седницата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 март 1998 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски претседател на седницата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Ја отворам 87 седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристо Марковски, Драгољуб Поповиќ, Димче Настоски, Благоја Стојкоски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по Извештајот на Анкетната комисија на Собранието на Република Македонија за согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата на 9 јули 197 година.

Има збор г-дин Кенан Хасипи.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван г-дине претседателе, дами и господа пратеници,

Расправата по повод извештајот на Анкетната Комисија во врска со деветојулските настани во Гостивар, уште еднаш покажа дека сферата на меѓунационалните односи знае и тоа како да ги разбутка

емоционалните набои и да послужи како повод за жестоки расправи и меѓусебни обвинувања, кои често пати оставаат негативни последици и задаваат болни удари врз сожителството кое што, не само што може туку мора да биде и трајна определба на оваа држава, како еден од фундаментите на нејзината стабилност и сувереност во вистинска смисла на зборот.

Тоа уште еднаш покажа дека по нашиот ментален склоп тешко се одлепуваме од балканското поимаше на демократијата, каде емоциите мошне тешко го надвладуваат разумот и каде сила како гола физичка категорија, сеуште е на пиедесталот на лепезата на методите и формите на меѓусебна комуникација.

Оттука и не изненадува дека било каков извештај, вклучително и извештајот на Анкетната комисија во врска со деветојулските настани во Гостивар го поларизираат овој парламентарен состав на две спротивставени страни.

Едната, која истата ќе ја брани со сите расположливи инструменти, со образложение дека задоволува и по обемот и по формата и по содржината, дека јасно и прецизно ги опфаќа сите аспекти на споменатите настани и дека дава јасни смерници и мерки кои треба да се преземат, за да истите не се повторат.

Другата, која жестоко ќе го нападне дека е краток, конфузен компромисен, правен по дикатат на Министерството за внатрешни работи и дека вообилува со воопштени формулации и не ги задоволува ни најелементарните карактеристики на еден прав извештај.

Ќе си земам за право да констатирам дека вклучувањето во еден ваков тип на расправа, неминовно ќе доведе, истата да ја промаши целта. Како да сакаме да заборавиме дека теренот на меѓунационалните односи е толку лизгав, што секој неодмерен збор може да предизвика пожар и секое инсистирање условно речено, на љубов на сила, се вика

силување и ништо повеќе. Нус продукт на вакви жестоки обвинувања е следниот. Имаме декларација за унапредување на меѓунационалните односи изгласан во ова исто собрание по демонстрациите на средношколската и студентската младина, имаме закон за употреба на знамињата преку кои националностите ќе го изразуваат својот идентитет, но имаме и три изгубени човечки животи над стотици повредени, тешки психички трауми и сериозно разнишани меѓунационални односи, за што ќе треба долго време истите да се стабилизираат во, јас би рекол толерантни размери.

Оттука, сосема логично се поставува прашањето во колкава мера овој парламентарен состав кумувал за ваквите состави. Дословно никој од нас не може да бега од сопствената одговорност, до толку повеќе што ваквиот наш однос и тоа како се рефлектира меѓу граѓаните и етничките колективитети. Логично се поставува прашањето дали и во колкава мера конструктивно приоѓаме за релаксација на наведените состојби секој во сопствената средина, т.е. во сопствениот етникум. Колку сме способни да ги жигосавме ваквите појави и нивните носители секој во сопственото јато, т.е. етникум, колку сме спремни и на другите да ги даваме истите права, кои самите ги посакуваме за себе, да го осудиме злото било од каде да доаѓа и било кој да е нејзин носител, да ги респектираме законите и да ги осудиме кршењата на истите, било кој тоа да го прави да ги инкорпорираме во нашиот правен поредок највисоките стандарди од многуте конвенции за правата на човекот и граѓанинот и на националните колективитети, кои и пред будните очи на прогресивната Европа сме ги потпишале и ратификувале во ова Собрание. Да се учиме на туѓите а не на сопствените грешки и несреќи. Да ја осудиме примената на силата, независно од каде доаѓа и кон кого е наменета, да исклучиме од вокабуларот навредливи формулации и да се научиме да живееме

заедно бидејќи нема каде да одиме и да се натпреваруваме во знаење, идеи и хуманост и меѓусебно почитување.

Во спротивно, дами и господа ќе не осудат генерациите после нас, ќе не осудат идните поколенија кои, јас сум убеден, ќе живеат во една идна обединета и просперитетна Европа. Токму поради ова нема да го коментирам извештајот на Анкетната комисија, респектирајќи го огромниот суд, што ги вложиле членовите на оваа комисија, обидот да ги расветлат причините и самиот тек на настаните, нејзините последици и мерките за нивно разрешување. Ова од причина што е пост фестум, нешто повеќе сторено.

Овој извештај ќе ја исполни целта, доколку послужи како поука истото повеќе да не се повтори на овие простори. Меѓутоа, засекогаш ќе остане да лебди прашањето дали сето ова мораше да се случи. Јас сум убеден дека ова не само што не мораше да се случи, туку требаше по секоја цена да се спречи. Силата, господа, е крајно средство. Постојат механизми на спроведување на законите, меѓутоа, потребна е упорност, умешност и добра волја на сите страни. Функционирањето на правната држава е обврска не само на државните органи, вклучително и судската власт туку и во делокругот на дејност на сите политички субјекти, па ако сакате на секој граѓанин поединечно. Спротивното, господа е правен хаос а во таков хаос владее силата.

Оттука апелирам до сите нас со сопствен однос во овој законодавен дом и во средините од каде доаѓаме, да создадеме амбиент за меѓусебно почитување и да градиме мостови на заеднички живот. Да не се делиме на оние кои даваат и на оние кои бараат права, да се избориме за прав граѓански концепт на демократија. Јас знам дека ова за многу ќе звучи нереално и идеалистички, но две работи таквите ќе ги демантираат.

Прво, многуте земји во светот кои постигнале ваков тип на демократија.

Второ, времето. Зашто овој Балкан кој во моментот само географски припаѓа на Европа со тек на време убеден сум со своите сфаќања и практикувањето на демократијата ќе биде составен дел на таа и таква Европа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Молам, кој друг бара збор?

Г-дин Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Г-дине претседателе, драги колеги, ние денес по трет пат во овој состав се задржуваме, се осврнуваме на настаните од 9 јули минатата година во Гостивар. Прв пат по расправата што ја бараа пратениците од ПДП овде, веднаш после настаните. Втор пат по повод формирање на комисијата и третпат сега кога го гледаме извештајот на оваа анкетна комисија.

Овој извештај е краток, но мислам дека предизвикува внимание и треба малку да поразговараме бидејќи се однесува на еден сектор на односи, кој е многу значаен за мирот и безбедноста на земјата, на граѓаните, а исто така и за иднината на нашата земја.

Комисијата во својот извештај, прво, ја опитува задачата која и е дадена, како тие ја сфатиле, а потоа опишува врз основа на кои постоечки акти е изведена интервенцијата на полицијата во Гостивар.

Потоа, минува на нешто што треба да биде оценка, иако изрично не навела дека се тоа оценки нејзини овде. Таа предлага мерки врз основа на оценките што ги дава, а оценките од прилика се засноваат на следното. Се вели: " на ниво на конкретна реализација комисијата смета дека има случаи на пречекорување на овластувањата од поединци и групи, но не можеше конкретно за кои поединци и групи се работи и што

е ред утврдувањето го препушта на надлежните органи". Исто така, се споменува дека има и двајца загинати во Гостивар, а потоа има предлог мерки. Предлог- мерките даваат на знаење Комисијата што оценила за состојбите, од прилика кои се тие состојби што таа ги оценува. Повеќе може да се дознае за оценките од предлог- мерките, отколку од самите оценки кои се горе многу глобални.

Оваа прилика сакам да ја искористиме за некои работи ако може појасно да ги кажеме, појасно да ги согледаме и ако можеме да извлечеме поуки за да имаме помалку проблеми во нашата држава, а и кај граѓаните да внесеме поголема сигурност во иднината, поголема извесност дека ќе се избегаваат непотребни тензии и дека ќе најдеме решение политички на друг начин да не доаѓа до вакви конфликти со вакви последици. Всушност, Комисијата со својата оценка, без оглед што некој вели дека е компромисна и е многу општа, сепак, заземала стојалиште. Таа вели дека има од поединци и групи пречекорувања на овластувањата, од ова што излегува дека е тоа белег на таа интервенција На овој начин Комисијата не потсетува на една друга оценка. Кога е дадена, веднаш после интервенцијата, како што знаете овде соопшт. министерот за внатрешни работи дека тој лично ја наредил интервенцијата во договор само со претседателот на Владата. А после некој ден во Гостивар во спортската сала, поздравувајќи ги полицајците припадници на единицата што ја извршила интервенцијата, премиерот мошне еуфорично даде највисока можна оценка на интервенцијата.

Комисијата зазема еден друг став овде, ја исправа оценка, ја коригира, ја доведува во прашање. Тоа е првиот белег на извештајот на Комисијата.

Мислам дека нужно е овој пат да се осврнеме и на околностите како дојде до формирање на оваа комисија. Всушност, оваа комисија е

формирана под притисок на барања од Европската Унија. Европската Унија бараше да се испитаат овие работи и Парламентот подлегна и формира комисија.

Ние знаеме дека овој Парламент тешко се одлучува да формира анкетна комисија ако треба да се испитува било што работат државните органи, кои чија активности сега ја насочува и води СДСМ кој има мнозинство. Само пред неколку дена, исто така, многу значајна проблематика беше овде на дневен ред, требаше да се формира анкетна комисија за испитување на состојбата и текот на истрагата, но мнозинството ја отфрли таа иницијатива, иако и тогаш двајца имаше што изгубија живот. Меѓутоа, се разбира, тоа покажува дека свесни за тоа Парламентот да има контролна функција врз извршната власт што преовлада при формирање на оваа комисија, не е оригинерна свест, изворна свест на ова собрание овде и во мнозинството, туку дојде до неа под притисок на надворешниот фактор.

Бидејќи таков притисок немаше по прашањето на оваа анкетна комисија за атентатот, немаше ни свест ни совест, ни сили да се формира таква комисија.

Затоа, оваа комисија со извештајот укажува, сепак, дополнително, последователно, дека сепак вреди да се формираат анкетни комисии и треба Парламентот да држи до тоа дека е нужно да остварува своја контролна функција, своја контролна улога кон извршната власт.

Во препораките кои ги дава, Комисијата, главно, упатува на потребата на пополнување на составот на Министерството со припадници и националностите.

Втората точка е многу интересна. За неможноста да се утврди вистински виновник, ќе има ли виновник, дава на знаење Комисијата дека главна причина се состојбите со подзаконските акти. Дека тие

подзаконски акти на Министерството треба да се усогласат со законите и со Уставот. Убава препорака, меѓутоа, членовите на Комисијата се од владејачките партии овде и како тоа тие просудуваат сега во едно министерство подзаконските акти да не се усогласи со Уставот и со законите.

**СТОЈАН АНДОВ: (**Продолжение)

Има и една многу интересна точка, третата точка која вели:"иницирање на активностите за едуцирање на стручните и раководни кадри во Министерството за внатрешни работи и особено на припадниците на полицијата во согласност со европските стандарди, нормативи и практика." Видете да ви кажам веднаш по настаните во Гостивар некои странски извори и странски фактори дојдоа до заклучок веројатно врз основа на консултациите со нашите органи овде, државни раководители дека пречекорувањата на овластувањата во Гостивар од страна на полицијата дошле поради неукоста, неизвежбаноста, необученоста на полицијата, па даваа разни изјави дека е потребна посебна обука, па се државни семинари, па дури се препорачуваше, ако е можно да дојде овде и некој фактор на цивилната полиција во рамките на некоја мисија овде. Сето тоа се сведе на потреба од едукација.

Сакам само да потсетам дека кога се донесуваат вакви заклучоци и овде се пишуваат треба да се внимава малку повеќе и треба да се гледа практиката. Само шест или седум месеци по овие настани во Гостивар имавме три митинга во нашата држава исто така од припадници на албанската националност, како што беше овој во Гостивар, каде беа манифестирани, во основа, исти политички декларации, меѓу другото и однос кон симболите, но полицијата, како што знаете,не употреби ни палки. Тие исти полицајци се гледа оти биле добро обучени, добро едуицирани и се однесуваа, да ви кажам, сосема хумано да обезбедат ред и мир своите тела ги ставија меѓу судрените мали групи на припадници на тие учесници на митингот и некои што тука минуваа без употреба на палки да ги смират.

Според тоа, интервенцијата во Гостивар и нејзините особености не можат да се објаснат со некоја неукост или шовинистичка застранетост на непосредните извршители и на полицајците, туку на подготовките и на

оние кои ја осмислиле. Затоа што тоа се истите полицајци и во Гостивар и овде. Од прилика исти.

Сега сакам да дојдам на вистинската тема која ме мотивира да земам збор. Очигледно е дека ние треба длабоко да се замислиме околу тоа како ние се однесуваме. Сега видовме како полицајците се однесуваат. Еднаш видовме во Гостивар, видовме во Скопје. Полицајците се дисциплиниран орган, дисциплинирана единица и си работат по упатствата кои им се дадени. Меѓутоа, ние нашите колеги овде, нашите политичари треба да сериозно да се размислиме каков амбиент создаваме за работа на нашите полицајци. Јас морам да ви кажам дека загревањето на атмосферата што претходеше во Гостивар е многу добар показател каква едукација е потребна на нашите политичари наспроти тоа што овде викаме каква едукација е потребна на полицајците. Не велам оти не е потребна едукација и за полицајците, веројатно е потребна, секој може секогаш да учи нешто повеќе. Но, ако се манипулира со масите на своите симпатизери, ако се тие инструираат и поттикнуваат на судир со законот не само што се покажува неспособноста едукативно да се делува на тие маси, туку се покажува и ниската сопствена едуцираност заради тоа што судирот со масите, судирот со законот секогаш кога е насилен доведува и до жртви и до несакани последици, до продлабочување на недовербата меѓу националностите на меѓунационална основа до трајно паметење и понижување на некои. Јас ги разбирам сите оние граѓани до Гостивар во чиј домови се влегло на сила и чие достоинство е повредено со тоа, но не можам да ги разберам сите оние што мислат дека е потребно да се покаже сила за да се изнудат политички решенија што цел свет признава дека политичките цели и политичките решенија само по политички пат да се постигнат. Тоа се работи кои ние треба многу добро да ги размислиме и мораме многу добро да се поднесуваме околу тоа, и да го поместуваме нашето однесување.

За разлика од полицајците кои многу нешто научиле, а верувам и пред тоа го знаеле, како да се однесуваат на митингот во Скопје. Морам да ви кажам со сите контакти што ги имав со странските претставници е многу високо оценето. Многу малку научиле нашите колеги пратеници и министри на Владата учествуваа во тие митинзи, имаа почесно место, останаа неми соучесници на оној дел од митинзите, еден дел е верувам е сосема оправдан таму каде протестираа поради кршењето на човековите права, против употребата на насилство против цивили, против деца, против жени итн., но не и таму каде се изразува јавна, јасна, дрска нелојалност спрема сопствената држава, спрема симболите на таа држава, спрема нејзината безбедност, нејзиниот опстанок итн.

Ако овие прилики, како што е овој извештај, не ги искористиме малку да размислиме што им треба на. тие граѓани кои лесно можеме да ги заведеме во меѓусебни судири и потоа да измиеме раце, се правиме филозофи и високи политичари, како да застапуваме некои големи идеи, високи идеали, а да ги оставиме семејствата чиј членови загинале чија интимност на домот е повредена, тоа по мое мислење е политички примитивизам и политичка неукост. Нема тука големи идеали. Тука некој сака да се дограби за некоја позиција во државата, во власта користејќи ги и манипулирајќи со луѓето со нивните најсуптилни чувства, националното чувство итн.

Овие прилики, овие состојби,извештајот што го имаме овде, зборува и за тоа дека со било каква манипулација околу меѓуетничките судири и било каква манифестација на сили и насилство на тој терен не ни решава ни еден проблем, а може само да не онеспособи како државни институции сами да се ослободиме од таа оптовареност за да можеме да донесуваме вистински одлуки и да заземеме вистински став.

Бидејќи минуваме низ времиња нам ни следи време и еден период кое може да не доведе пред многу сериозно искушение. Сакам да нагласам дека е потребно многу висок степен ан чесност, да извините

ако го употребуваме тој збор и на сопствена едуцираност околу тоа ако се, во лоша смисла, тера политика, на кој начин политичките цели можат да се остваруваат и добиваат легалитет на крајот на краиштата дури и поддршка, а на тој начин се работи спротивно на интересите на заведените граѓани доведувајќи ги во прашање нивните животи, животите на сите тие кои не сакаат да учествуваат во тоа. Оттаму, јас мислам оти целиот извештај се свртува овде кон поединци и групи од полицијата кои во крајна линија во целата таа конструкција очигледно исто така биле употребени и мислам дека ние не можеме да го преправме извештајот на Комисијата, се разбира, туку покрај извештајот секој да си извлече поука и обврска да делува така да не ги доведува полицајците во ситуација да ги исправат грешките на политичарите, бидејќи тоа е невозможно ниту пак новите грешки политичарите да смеат да ги прават употребувајќи ја полицијата.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Има збор г-динот Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата, дами и господа. За трагичните настани во Гостивар еве дискутираме и по б месеци, можеби тие трагични доживувања кај поголемиот број од нас поминале на периферијата на памтењето, меѓутоа, гостиварската драма долго време ќе остане во историското паметење на граѓаните Албанци во Гостивар и пошироко.

Народот вели времето ги лекува раните. Не знам за кое време ќе ги излекува физичките и психичките рани и трауми кои ги доживувале тие луѓе во Гостивар.

Собранието на РМ на 24 септември 1997 година донесе одлука за формирање на Анкетна комисија со задача да ги согледа евентуалните

пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар на 9 јули 1997 година за спроведување на одлуката на Уставниот суд на РМ од 11 јуни 1997 година со која е укинат членот 140 од Статутот на општината Гостивар.

Задача на Анкетната комисија беше да ги испита околностите што се од значење за утврдување на фактичките состојби во врска со интервенцијата на полицијата во Гостивар.

Самиот факт т.е. именувањето на Анкетната комисија согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата во Гостивар на 9 јули 1997 година зборува многу нешто.

Го потенцирам тоа согледување на евентуалните пречекорувања во времето кога јавноста преку телевизиските емисии беше информирана за пречекорувањата на специјалните полициски сили. Таквата формулација ја прејудицираше работата на Комисијата, а тоа значи дека беше трасиран патот по кој треба да работи Комисијата, односно априорно беше одредено какво согледување треба да врши Анкетната комисија.

Почитувани колеги, сведоци сме на тоа дека најеминентните претставници на државата, на Владата, па и на овој Парламент по трагичните настани во Гостивар истакнаа дека мораше да се случи Гостивар дека подготовката за интервенирање траеше релативно долго време и одреден број пратеници овде го оправдуваа тоа што се случи во Гостивар. За жал, и чудно за мене и Анкетната комисија ја оправдува интервенцијата во Гостивар.

Јас велам дека не мораше да се случи во Гостивар. Тоа што се случи во Гостивар поврзано е со низа други чинители односно тоа е поврзано со дисциплинирањето на албанското население за да се откаже од своите барања и права.

Второ, за политичкиот рејтинг на СДСМ.

Трето, за спречување на интеграциските процеси на албанските политички субјекти.

Четврто, за отстранување на одредени политички раководства од редовите на албанците.

Петто, пренесување на вниманието на македонската јавност од тешката економска и политичка криза.

Сакам да ве потсетам дека на гостиварската трагедија претходеа и шовинистичките и расистичките пароли на студентите на Скопскиот универзитет. Во Гостивар дојдоа до израз националната омраза и најнегативните страсти спрема албанците. -Трагедијата во Гостивар има свој лајт- мотив, свои главни актери, режисери кои наместо кривично да одговараат тие се унапредени. Анкетната комисија наместо да ги именува и бара одговорност за актерите кои се одговорни за трагичните последици таа на перфиден начин настојува да ги покрие трагите на крвопролевањето.

Анкетната комисија не сака да знае за пречекорувањата на полицијата, напротив таа ја оправдува акцијата.

На втора страница параграф 3 од извештајот се вели: "Комисијата констатира дека акцијата на полицијата беше законска обврска за извршување на одлуката на Уставниот суд."

Во четвртиот параграф потенцирано е: "Комисијата вршејќи анализи на документите кои беа доставени не констатира такви акти кои ги имплицирале наредување за пречекорување на овластувањата на припадниците за внатрешни работи". Сходно на тоа се поставува прашањето кои се тие припадници за внатрешни работи кои би ги дале на разгледување актите за пречекорување на овластувањата.

**РАМИ ТУДА:** (Продолжение)

Па, врз основа на тоа се поставува прашањето: кои се тие припадници за внатрешни работи кои би ги дале на разгледување фактите за пречекорување на овластувањата? И, затоа тоа говори дека Анкетната комисија не сакала прави анализи и да влезе во суштината како што рече еден "на пеколот" во Гостивар.

Во самиот текст на извештајот се евидентни дохотони премиси кои како такви остануваат апстрактни изрази бидејќи се неопределени и не се илустрирани со конкретни примери. Во врска со оваа моја забелешка на третата страна од извештајот се вели: "на ниво на конкретната реализација комисијата смета дека има случаи на пречекорување на овластувањата од поединци и групи, но не може конкретно да утврди за кои последици и групи се работи".

Што се однесува за предлог мерките кои ги предлага комисијата сметаме дека тие не се во доменот и рамките на својата надлежност и тие може да служат само како сугестии.

Извештајот на анкетната комисија по формата и содржината не личи на реално согледување на работата поврзана со бруталната интервенција во Гостивар. Извештајот во ниеден случај не се разликува од Информацијата на МВР за актуелните состојби во општините Гостивар и Тетово, која носи датум 15 јули 1997 година. Во извештајот не наоѓаме ниту едно име и презиме на настраданите. Трагедијата е генерализирана до степен со тенденција да служи како пречистен текст за да се камуфлира злочинот во Гостивар.

Ние знаеме како течеа настаните во Гостивар. Целата интервенција течеше по некои одредени фази. Јас нема да се задржам на сите тие фази. Ќе се задржам само на некои од нив.

Третата фаза ја карактеризираат притворувањата и претресите на куќите и становите околу местото на настанот. Точно во таа фаза доаѓа до израз бесната бруталност на македонската полиција кон насобраните албанци во мирните протести. Полицајците влегуваат во куќите на невините граѓани, тепаат без милост, малтретираат и тероризираат, не разликувајќи ни возраст ни пол ни причинувајќи огромни материјални штети ограбувајќи разни лица итн.

Епилогот на втората и третата фаза изгледа како во продолжение. Двајца мртви Шпен Исеини, доктор од с. Форино, и Назми Салиу од с. Мало Турчане. Спомнатите жртви се убиваат со ватрено оружје. При овој случај имало над 300 притворени, над 200 лица тешко повредени, над 700 претепани и малтретирани, над 50 лица излезени пред судските органи за прекршочни дела кои се казнети со 60 дена затвор. Над 10 пријавени за кривично дело и градоначалникот на општината г-дин Руфи Османи и претседавачот на општинскиот совет г-дин Рефик Даути.

Во текот на овие настани страдаа и случајните минувачи фатени по пат, но имаат приведено и други граѓани од деловните локали и станбените згади на улица "Б. Гиноски" и другите улици на централната градска зона. Во полицијата збиено поставени на мали простори, по гаражи, подрумите канцелариите, и другите неповолни полициски амбиенти стотици албански лица во мошне тешки услови пречекани од еден ешалон на полицајци и цивили, неколку стотици такви полицајци продолжуваат со животинскиот психички и физички третман претепувајќи ги спомнатите лица со разни тврди предмети, гумени палки, дрвја итн., клоцајќи ги нив, газејќи над нивните тела и псуејќи ги на навредувачки начин лично нивните семејства и на национална и верска омраза. Кога просториите на полициската станица во Гостивар се наполнија со албанци и немале капацитети да примат други луѓе за казнување тогаш се случува нешто невидено досега, во паркот на центарот на градот, во паркот до зградата на општината, во големиот парк на градот, на некои други микролокации полицијата донесува влечејќи еден голем број на граѓани останати беспомошни на улица во бесвест од примитивното полициско насилство со тешки телесни повреди и физички и психички искршени. Вака полицијата створила парк логори во кои донесе со сила и стопанственици лишени од слобода од нивните дуќани и работилници.

Исто така на улица "Кочо Зози" се врши варварското и нечовечкото однесување кон Иса Реџепи, Адем Реџепи, Ислам Мемеди, Алид Јашари и други. Овие лица се претепуваат пред члеговите на семејството, пред децата, пред нивните жени. На Адем Реџепи полицијата му скрши две ребра, го влечат од прагот на куќата за во полиција, го тераат да ја стави во уста и да ја голтне белата капа, но голтајќи ја се онесвестува и во тие моменти се слуша езанот на иќендијата, него го подигнуваат на нозе, го

тераат да се крсти и да се моли на полицискиот казнен господ.

Еден од објективите од полициската акција беше и пљачкањето на албанските граѓани, на Бесник Нуредини од Гостивар полицијата му одзеде 2.500 Д.М. и три илјади денари. На Сабедин Садику часовник рачен во вредност од 13.000 денари и 100 Д.М. на Имер Зекири враќајќи се од привремена работа во Германија му одзедоа 20.000 Д.М., на Џеват Бета 23.000 денари и 560 Д.М., на Шенаси Азири 2.300 Д.М., на Бесник Нуредини 2.600 Д.М., на Јусуф Асани од с. Дебреше златна огрлица и нараквица во вредност од 1.200 Д.М. и 1.500 денари. Списокот е многу подолг, јас не сакам да ве заморувам со тоа.

Сето тоа што се рече погоре резултираше од трагедијата на двајцата убиени лица со ватрено оружје, 16 тешко ранети лица со ватрено оружје и неколку десетици други полесно ранети со ватрено оружје, неколку стотици малтретирани и тероризирани и со физички и со психички повреди и штети исто така се предизвикаа и големи материјални штети.

Овде, потсетуваме, од тешките физички и телесни повреди на 14.07.1997 година умира Милаим Даути од с. Добри Дол, додека од повредите од овој настан 57 лица имаат добиено повреди и телесни оштетувања со трајни последици и голем дел од нив се смета дека ќе останат за секогаш инвалиди.

Поглавје е и кршењето на законите и нечовечкото однесување на полицајците и тоа кон лицата кон кои беше извршена прекршочната и кривичната постапка, посебно нивното тепање и малтретирање до крвавење без никакво почитување на основните хумани принципи, прекршочната и кривичната постапка и судењата се одржуваат во присуство на вооружени полицајци до заби, и, заканувачки за време на судењето. Кога бранителите на обвинетите немаа право да организираат законска одбрана да поставуваат прашања и да контактираат со нивните клиенти за време на судската постапка.

И, на крај вооружените полицајци во текот на целото време седеа пред салите за судење, вршеа психички притисок кон обвинетите и сведоците со цел да по секоја цена се потврди нивното обвинение за да

се илустрира она што се наведе погоре го спомнуваме случајот на Сабри Демири од Врапчиште кого го претепува полицијата.

Сето ова укажува дека во спомнатите моменти беа суспендирани, прво судските органи на сметка на полициското делување. Мислам дека ова последното што го потенцирав Анкетната комисија имаше доволен материјал и од извештајот на една Комисија која што беше составена од двете партии односно гранки во Гостивар и јас не знам зошто Анкетната комисија не го зела во предвид извештајот каде што имаше доволно материјал за да се согледа и да се осветли од сите страни трагедијата во Гостивар.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Харуни, процедурално

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас би сакал само да се задржам во она, процедурално. Претходниот дискутант многу нешта рече дел од мојата дискусија која беше расправана по повод информацијата на 28 август 1997 година. Кога веќе толку време се обиде тоа да го направи, ќе беше добро за јавноста ако не друго заклучоците на Анкетната комисија да ги прочита. И, од нив секако да извлече поуки како треба наредно да се постапува.

Инаку, тоа што Андов пред малку го рече, што ќе нудиме како добри или лоши политичари тоа сепак ќе го видиме по сите наши постапки, не само овде на говорница туку и надвор од овде.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Добро, далеку е ова од процедурално.

Реплика бара г-дин Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Г-дин Харуни спомна дека во мојата дискусија како да сум зел јас нешто од неговиот говор одржан овде кој што колку што се сеќавам траеше овде еден или два часа. Тоа што јас во последните моменти го прочитав, тие се некои извадоци од извештајот на таа комисија, јас реков на крај, така да јас немам земено ништо од рефератот од г-дин Харуни, од неговиот говор ништо немам земено затоа што ако некој зел, всушност јас признавам дека сум се користел со извештајот, но се чини и г-дин Харуни бидејќи го позајмил тој извештај и го претставил овде како своја дискусија, а всушност тоа бил извештајот на комисијата во Гостивар по немилите настани.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Добро, ниту интервенцијата беше процедурална ниту ова сега има некоја .... според Деловникот не е ограничено некој да се согласи со нечија дискусија и дури да преземе текст.

Има збор г-дин Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министре, почитувани колеги пратеници.

Денеска излегов на оваа говорница, не да го бранам извештајот на комисијата туку лично како еден од изготвувачите да дадам додатни информации за неколку фази од работата во опфатот во неколку ограничувачки прашања за кои требаше да се постигне прогрес. Како предмет по кој требеше да се постигне таков прогрес беа следните приоритети:

Прво, да се отвори клучното прашање на кое секој од нас беше должен да даде одговор на етичкиот соживот на овој простор.

Второ, оживотворувањето на Декларацијата за дијалог за отворените прашања за толеранција и меѓусебни разбирања за состојбите во меѓуетничките односи во РМ.

Трето, за степенот на внатрешната интеграција на етничкото албанско малцинство во поттикнување и остварување на меѓународните заложби.

Четврто, сериозен третман во разгледувањето на околностите и пристапот на постапките пред 9 јули на правната држава и институциите на системот.

Петто, каков беше прогресот во усогласување на заложбите на правната држава пред 9 јули.

Шесто, настаните во Гостивар на 9 јули и интервенцијата на полицијата до 15 часот и после 15 часот.

Седмо, како се одвиваа методните процеси на правната држава после 9 јули.

смо, оценки на настаните во Гостивар, јули 1997 и нивните последици во иднината.

Деветто, согледување на опасностите од радикализација на политика од било кој политички фактор.

Од овие наброени прашања кои ги имаше пред себе комисијата заради поопштествување ќе ги издвојам следните два приоритета.

Прво, прогресот во истрагата за тврдењата на евентуално изразено насилство од страна на полицијата во Гостивар постојано да биде пред нас како и реформите на полициските институции кај нас да добијат конкретна реализација.

Второ, постојано следење и имплементација на корпусот на човекови права и правни прашања во соработка со локалните, републичките власти и партиските организации во интерес на граѓаните со цел на многу недоразбирања во согласност со европските стандарди, нормативи и практика врз основа на европската рамковна конвенција.

**МИРКО ТРИПУНОСКИ:** (продолжени)

Воспоставувајќи го ваквиот однос кон поставената задача господа пратеници кои посакавте да ја згаснете добронамерноста на национално-мешовитата Комисија, која постигна сериозен кредибилитет бидејќи ниедна констатација што ја наслика не звучи празно, туку покажува далекосежни правци во воспоставување на меѓунационален компромис низ дијалог, ќе укажам дека бесмислено заостануваме во една специфична димензија во општочовечката едукација каде ни недостига етика низ нејзините спознанија кои се база на човековите односи и на граѓанскиот свет , се изразуваат најзначајните елементи во градење на одговорноста кон животот, кон поколенијата и кон развојот на оваа држава. Меѓутоа, некои вчера па и денес мојата работа во оваа Комисија ја сведоа на најпримитивна морална репресивност, распуштеност, па и необразованост или на некоја друга варијанта.

Почитувани колеги, ваквите квалификации решително ги отфрлам, бидејќи сметам дека на сите нам верен сојузник ни е времето за потврдување на искажаните ставови и за нивно соочување со вистината во наредниот период. Овде веќе ќе го завршам објаснувањето по оваа тема, иако знам дека тоа е неразлешлива. По некои сегменти, имам впечаток дека допрва почнува заради недовршеноста, заради се она што претпоставено може да ја следи . Мислам дека заслужуваат респект и внимание Предлог мерките бидејќи Гостивар се случи пред нас, се подготвуваше пред наши очи долго со години. Затоа, и денес понудениот извештај укажа дека акцијата на полицијата беше законска обврска за извршување на Одлуката на Уставниот суд, дека на ниво на конкретна реализација има случаи на пречекорување на овластувањата од поединци и групи, дека има денот на настаните двајца загинати од кои едниот во толпа, но и дека има и други факти што вам ви се познати но

не се предмет на овој Извештај. Меѓутоа, колку сакаш да побегнеш од искушението поради се што беше изречено на овие средби што ги имавме, не можам да ставам знак на равенство меѓу жртвата и агресивизмот, без двоумење, кој во овие настани беше жртва, ниту помеѓу причините и последиците што следеа.

Затоа, би ве замолил да го прифатиме овој извештај и што поскоро да ги операционализираме неговите предлог мерки, бидејќи вината и непријатните работи имаа стопан, иако никој не сака да ги прифати, тие сепак се случуваат, тие постојат и можат да имаат големи и несакани последици за сите.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници,

Иако искрено да ви кажам не гледам многу пратеници, ова многу ме загрижува. Денес за прв пат на дневен ред во ова Собрание се става Извештај на една комисија и тоа Комисија која имаше за задача да ги предочи пречекорувањата при полициската интервенција во Гостивар. Тоа зборува за нешто многу сериозно за нашиот Парламент. Тоа зборува за етиката на пратеникот, тоа зборува за одговорноста на пратеникот. Дали денес кога прв пат се обидуваме да ставиме во функција еден контролен механизам на извршната власт, а особено инструментот на сила и моќ како што е полицијата, интересот за оваа точка како воопшто да го нема. Искрено се прашувам, дали нас ќе не гризе совеста на пратеник колку ние придонесуваме за создавање на една вистинска демократска држава со сите механизми на контрола на извршната власт. Ние расправаме за Извештајот на Комисијата. Искрено да ви кажам, уште кога се оформи оваа Комисија , не се надевав дека ќе направи чуда. Не дека луѓето кои се нафатија на оваа работа не сакаа тоа да го

прават, не дека луѓето немаат храброст да одат до крај, но од проста и едноставна причина. Зошто? Ваквите затворени системи како што е полицијата, многу се тешки за контрола. Кога имаше на дневен ред овде расправа за настаните во Гостивар спомнав настан кој што многу порано се случуваше и тоа се случуваше на една многу демократска земја како што е Америка, таа демократска Америка со сите механизми на контрола дозволи во Виетнам да направи масакр во едно село и никогаш и никој да не дознае кој беше виновникот. Токму од тие причини, знаејќи колку е тешко да се продре во овие затворени системи како што е полицијата, денес оваа Комисија успеа да предочи дека една таква машинерија која ја нареков така тогаш има дупки. Намерно или ненамерно нашиот полициски систем има создадено вртлози кои одвреме навреме ќе потонат по некој политичар, ќе земат по некоја жртва. Тоа не е доволен аргумент ние денес како пратеници да се распрашуваме што е ова, кога ќе му дојде крајот на тоа.

Господа пратеници, и другите системи произведуваат нус продукти, и другите системи произведуваат негативни ефекти. Видете ја една голема и демократска Америка, произведе ситуација 32 лица прават самоубијци со "Наик"-патики во вила од 15 илјади долари. Пред некој ден прочитавте во една многу демократска Холандија, пред очите на полицијата се случи малтретираше на мали деца со педофилија. Па дури и во една Јапонија кој во XXI век влегува, високи интелектуалци поставуваат боеви отрови на јавни места. Тоа е секогаш нормално. Таквите системи секогаш произведуваат нус продукти. Но што е разликата меѓу нив и нас? Кај нив во вакви случаи се ангажираат сите институции, научни, политички, сите надлежни кои се способни и под готвени да дадат одговор на таквите појави. Нам перманентно ни се повторува една работа, перманентно ни се повторуваат ситуации кога сите велиме дека имаме тивка вода и мирен култ на живеење, но

одвреме навреме ерупција. Во таа ерупција по некој си закон секогаш излегува некој култ, некој авторитет кој понатаму оди и заглавува во вртлозите на полицијата, уништувајќи ја својата политичка кариера, со себе влечејќи и невини жртви. За нас тоа не е доволно да расправаме денес сериозно што е ова. Некој си господа пред мене се обиде ова да го објасни со неедуцираност на политичарите. За мене, да се каже дека таква појава е само резултат на неедуцираност на политичарите толку е упростена што води до баналност. Јас ве убедувам, не јас, науката ќе ве убеди во ситуации и околности во кои ние живееме и делуваме политички и специјализирани во Оксфорд и Ќембриџ и во било која позната институција не ќе може да биде лидер. Затоа што аналитиката тоа го кажува, се додека една нација, еден народ има ниска стапка на вработеност, има жена пред се домаќинка, има огромен број на невработени, има многу малку вработени во институциите на системот било каде да се тие во Македонија, Албанија ,Танзанија, Англија или Германија ќе произведува култови, кои култови по обичај, по логика секогаш бараат радикални промени, револуционерни методи. Не дека јас тоа го сакам, тоа е закон. Тенденцијата да се упрости и да се каже дека проблемот е кај оваа или кај онаа личност за мене е банална. Ние имавме случај Бит пазар, отиде една политичка личност казнет, затворен, отидоа жртви, случајот не се повтори во Радолиште. Падна политичка глава, паднаа жртви, случајот се повторува во Тетово. Падна се осудува политичка личност, паѓаат глави, пак ни се повторува. Сега со право и обичниот човек прашува, каде ли ќе биде следната и кое ли ќе биде името. Воопшто не е битно името, битно што ние денес и никогаш не сакаме причините кои доведуваат до тоа да ги елиминираме, затоа што сеуште стереотипно размислуваме, сеуште дури мислиме дека не им е потребно образование на албанците на мајчин јазик. Сеуште размислуваме дури дека и албанците се опасни во институциите на

системот. Се додека така размислуваме, причините за ваквите настани не сме ги елиминирале.

Денес оваа Комисија направи прв и сериозен чекор да докаже дека еден инструмент на сила и моќ како што е полицијата има и те какви дефекти, но ова е првата, ова е краткорочна фаза. Натаму треба добро да размислуваме дали целиот систем е така оформен, дали целата држава така ни функционира , да имаме привиден мир, а "Испод мира триста вира". И таму некој вртлог кој од време навреме ќе ги јаде и ќе ги прифати тие. Тоа, господа пратеници не е решение. Решението е во детална аналитичка анализа на сето ова што ни се случува.

Инаку, јас ви препорачувам, повелете, било кој наједуциран од било која институција, од било кој Универзитет да биде доведен да раководи, нема никогаш да има успех. Тоа го знаете вие, г-дине Андов и затоа... Целта ми беше, треба да се поздрави еден прв чекор да се направи обид да се расветли ситуацијата. Исто така, јас би ги замолил пред се моите колеги политичари албанци, жал ми е што вака јавно пред сите тоа им кажувам, нема многу да помогнеме ако почнеме сите еден по еден да ги плачеме жртвите и сите тие малтретирани. Помошта ќе ни биде , ќе ја исполниме нашата политичка и пратеничка одговорност ако почнеме ние, најмалку што можеме да направиме на некој начин да ги казнуваме тие што учествуваа, тие што придонесоа и перспективно да поставиме механизми кои нема да ги повторуваат овие ситуации и овие слики.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Сами Ибраими.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници и претставник на Владата или поточно на Министерството за внатрешни работи,

За жал, расправаме за еден многу важен извештај, но во салата само 1/4 пратеници. Ова е навистина недозволиво, но секој за себе.

На почетокот ќе нагласам дека со овој Извештај Собраниската анкетна комисија направи еден чекор во правец на обелоденување на грешките на едно министерство, но можела многу повеќе да направи. Кога велам дека направи еден чекор, споредувам и со поранешно југословенската Анкетна 'комисија, Брионската, бидејќи од 1966 година до денес ниедна Анкетна комисија во поранешна Југославија или тука во Македонија не беше успешна. Затоа велам дека оваа Комисија најде малку храброст да ги каже нештата во Извештајот. Но сепак, сакам да кажам неколку зборови во врска со Извештајот.

Уште на почетокот кога се формираше Комисијата , бев против насловот "евентуално пречекорување", а за мене пречекорување на 9 јули 1997 година имаше на секој чекор, од Скопје па се до Гостивар беше пречекорување. За тоа не може никој да ме убеди. Беше неуставно и незаконски, најмалку, барем ние така велиме од опозицијата. Собранието работеше скоро до 21.00 часот навечер на 8 јули, го донесовме законот како што го донесовме, главно го донесовме. Со тоа се покажа дека Владата или Министерството се поставува над одлуките на ова Собрание и презеде чекори, кои за жал беа фатални за тројца луѓе и стотици ранети и малтретирани. Не ја изврши до крај одлуката или барањето на Уставниот суд да ги симне знамињата од трите јарболи, значи трите знамиња, знамето на Република Македонија, албанското и турското, но како што знаете се симнаа само знамињата на албанците и турците. Значи, и тоа е веќе грешка на полицијата.

Градоначалникот и претседателот на Советот, г-динот Руфи Османи и г-динот Рефи Даути се обвинуваат за поттикнување на национална, расна и верска нетрпеливост. Со ова воопшто не се согласувам и затоа требаше и Анкетната комисија да докаже која беше

таа национална, верска и расна нетрпеливост, за што се обвинуваат горенаведените наши колеги.

Руфи Османи и Рефи Даути соодветниот ден, критичниот ден воопшто не се учесници во настаните во Гостивар, бидејќи и да сакале не можеле затоа што во раните утрински часови биле приведени и задржани или заковани во канцелариите на општина Гостивар. Така што ако е некој за обвинување, тоа е полицијата. Таа се собра во Гостивар, таа го окупираше Гостивар и со -своето однесување ги натера луѓето да се собираат и да го изразат својот протест, но на мирен начин се до 13,00 или 15,00 часот, не знам кога, кога веќе беа испровоцирани. Затоа, обвинувањата на адреса на Руфи Османи и Рефи Даути треба да се симнат веднаш од дневниот ред, бидејќи виновникот се наоѓа сосема на другата страна.

Сум го прочитал и Извештајот на Американскиот Стејдепартмен и верувајте, Извештајот на Стејдепартментот е малку поостар во врска со настаните во Гостивар од Извештајот на Анкетната комисија.

Јас би предложил Комисијата да не се распадне. Комисијата да работи во три фази. Првата фаза е ова до денес, во втората фаза да ја надгледува реализацијата на тоа што тие го бараат со Извештајот и третата фаза да биде финален извештај дали е реализирано и да се излезе со име и презиме на виновникот.

**САМИ ИБРАИМИ:** (продолжение

Јас ќе се задржам само на еден сегмент од Извештајот, се бара смена на луѓето од МВР. Јас сум против тоа. Не можеме да смениме се, да се смени начинот на однесувањето на луѓето на МВР, а не луѓето, нормално и тие што се виновни ќе се сменат, но да се менува начинот на однесувањето на македонскиот полицаец спрема македонскиот граѓанин. Ние сите треба да се ангажираме полицаецот на РМ да го третираме како полицаец, чувар на редот и мирот и воопшто да не се сомневаме кој се наоѓа внатре во таа плава униформа. Ако е Македонец,јас како Албанец ќе речам: еве намерно мене ме казни, ако е Албанец,Македонецот ќе рече: еве намерно ме казни, затоа што сум Македонец. Тоа да го бришеме еднаш за секогаш да се почитува униформата на полицијата, а не човекот што е внатре во неа.

И на крајот деновиве се одржува една конференција на синдикатите на полициите од неколку Европски земји. Нашиот претставник рече дека македонската политика е аполитична, демократска. Јас ќе го кажам сосема обратното. Би сакал многу да е така како што беше кажано во Охрид,но за жал нашата полиција уште е политизирана и ќе бидам многу груб можеби и е клонирана заради желбите на некој си наредбодавец. Дајте да создадеме демократска политика. Ова што се случи во Гостивар да не се заборави никогаш, да не се повтори никогаш, да се бара извинување , оштетување најмалку духовно од фамилиите на загинатите и веднаш да се ослободат од секакви обвиненија и Руфи Османи и Рефик Даути и сите други што се обвинети таму и што претрпеле и физичко и психичко малтретирање. А на Сејфедин Харуни ќе му кажам само едно, вчера г-дин Наџи Пурде спомна некои жешки компири. Да не се фаќа за жешки компири, нека ги

остави на мира луѓето што ќе дискутираат. Има тој своја дискусија и ќе го почитуваме се она што го кажува, но да не се меша во дискусиите на другите.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници,

Почнавме вчера и денеска расправаме за Извештајот на Анкетната комисија. Јас лично се надевав дека нема да ги повториме тие дискусии кога расправавме за настаните во Гостивар, трагични и тогаш рековме, не требаше да ни се случи Гостивар. Меѓутоа самиот факт дека имаме извештај од Анкетна комисија ние и како пратеничка група така одлучивме да расправаме со тоа што дали и колку ги задоволува потребите Извештајот за да може да се преземе нешто понатаму. Морам да ви кажам дека членовите на оваа комисија колку јас можев да следам, затоа што сум секој ден тука, ама баш секој ден како координатор на пратеничка група и знам дека секој ден нема дневници тука, дневници има само кога има Комисии и седници. И секој ден се расправам со проблеми секојдневни на нашите граѓани што ги имаат во секојдневието. Можеби имав прилика повеќе да ја следам работата на претседателот на Комисијата и секогаш го прашував, како ви оди работата? Одговорот беше, тешко, напорно. Зошто? Затоа што се работи за една чувствителна работа. Треба да се разговара, треба да се испрашуваат луѓе, граѓани од Гостивар кои се погодени и тоа тешко погодени од тие настани и нормално дека тие разговори и многу тешки се. Можеби некој тука ни прочита изјави две-три за да сожалуваме. Меѓутоа, едно е сигурно дека претседателот на Комисијата и членовите на таа Комисија

читале, прочитале барем едно 250 изјави писмени и слушнале неколку изјави од тие граѓани на кои над глава еден ден на 9-ти јули им отиде една црна магла. Во Извештајот се даваат констатации, се предлагаат мерки, можеби некој не ги прифаќа, меѓутоа, мораме ние со едно да се сложиме. Тогаш кога дискутиравме за гостиварските настани дали имаше еден или ниеден од условно кажано политичките партии, односно парламентарните групи неалбански, ама никој, баш никој не кажа дека полицијата ги пречекорила надлежностите, ингеренциите и компетенциите. Сега, имаме претставници во таа Комисија од скоро сите пратенички групи кои со еден компромис позитивен политички веројатно политички и врз база на тие разговори, врз база на тие читани извештаи, односно изјави сепак дојдоа до една констатација дека таму имало пречекорување на групи и поединци. Тоа сепак значи нешто дека таа Комисија работела за денеска, или утре кога ќе се гласа за еден извештај ќе пристанат и други кои ги имале претставниците во таа Комисија дека имало пречекорување. Не може тек така да се отфрли дека ништо не е направено. Јас не очекував, веројатно знам дека и мојата пратеничка група не очекуваше за да биде секој поединечно задоволен до крај од тоа што ќе поднесе како извештај оваа Комисија. Затоа што за да биде секој поединечно задоволен, требаше тие 7 члена по еден извештај, 7 извештаи да имаме тука. Тоа е невозможно, или 3,4 зависно од партиска припадност. Едно е позитивно, а јас знам зошто, затоа што неколкупати тука дури долго време се спомнуваат и битпазарските настани и се прави една споредба. Еве, јас сум тој што бев претседател на ваква комисија Анкетна што не можев да излезам пред Собранието со извештај како што излезе оваа Комисија. Јас ќе ви одговорам сега зошто? Затоа што Бит

Пазар се случи во друго време, во други прилики кога јас тие членови на Комисија, на таа Комисија не можев, или два , три пати успеав да имам кворум затоа што не сакаа апсолутно и да се занимаваат поединци од некои партии со оваа работа, или со таа работа. Или требаше да се поднесе извештај пред Парламентот и тоа тешки маки, но во извештајот тогаш ќе пишуваше вака, дека полицијата не пречекорила од нивните компетенции и ингеренции. Сто посто знаев дека ќе бев надгласан, сто посто бев убеден дека друг. извештај не ќе беше прифатен, затоа што претставникот тогашен кој сега веќе е разрешен работејќи, во фаза кога работеше оваа Комисија веќе го нема, а тој тогаш тврдеше априори дека полицијата не може да биде никогаш виновна, а сега тој веќе го нема, затоа што работејќи оваа комисија, обавувајќи разговори со граѓаните па и челниците на полицијата веќе полека се виде дека во таа полиција некој треба да си оди. И си отидоа и ќе одат и други кои поединците на таа полиција ако ги едуцирале истиот ден, или пред тоа, дека во Гостивар ќе одиме, ќе кажам јавно, гласно, ќе одиме да убиваме, да тепаме шиптари. Тие поединци, тие групи, или таа група на полицајци тука се, во Извештајот. Меѓутоа, исто така ви кажувам дека овој градоначалник Руфи Османи не треба да се осуди. Зошто? Тој друго требаше да направи и би требало да направи,да излезе пред граѓаните како прв човек и да каже, дека јас сум неспособен и не можам да бидам градоначалник на градот Гостивар, затоа што додека јас градоначалник сум и бев ни се случи оваа трагедија и падна достоинството на моите граѓани до тој степен што јас треба да дадам оставка. И нема судење. Тоа требаше да им се каже на тие граѓани, затоа што со достоинството на граѓаните не смее да си поигра никој.

Зошто оваа Комисија беше малку поуспешна, велам малку поуспешна. Затоа што во ова време дами и господа немојте да мислите и тој што мисли така е многу наивен дека ќе направам нешто, ќе направам се што ми е намерата, ама никој нема да дознае, или ќе направам така да другите го сфатат тоа дека требаше така да се направи. Не. Во ова време ни помогнаа мислам дека голема благодарност на филмуваните инсерти и приватни и државна телевизија која сепак во јавноста даде инсерти за кои не е тешко денеска и оваа Комисија да ја убедува јавноста дека таму имаше претекорување. Не, не е тешко, затоа што тоа веќе е една плус екстра помош и за членовите на комисијата и за нас.

Второ, во време кога мониторингот во РМ е низ ОБСЕ, низ институции, амбасади инсталирани се во нашата држава, се се гледа, се се слуша, се се коментира, се се изјавува и се пренесува. Што значи тоа? Тоа значи дека истото тоа што се случува и се случуваше во Гостивар, пренесено е секаде. И ние од тоа добивме. Спомнав Стејдепартмент Европска Унија и други ни кажаа дека со вашата полиција во РМ нешто не е во ред. И треба едукација и треба се да се преземе од Владата на РМ.

Трето, помогна и тоа дека мојата партија за демократски просперитет со лидерот и со сите нас на сите места каде што успеавме да бидеме поканети официјално успеавме со оваа позиција меѓународна многу призната како партија да допринесеме да се создаде таква клима и одговорност за да може да се рече дека полицијата, односно во МВР поединци и група пречекориле во тоа што се овластувања. Значи појака позиција.

Која е функцијата на пратеникот? Ние дами и господа можеме да сожалуваме колку сакаме, ние не бевме и не сме доктори да ги лечиме раните на тие кои се ранети, не сме професионалци за оплакување со нивните фамилни кои и оплакуваа нивните жртви. Ние треба да им дадеме сатисфакција на тие луѓе кои се погодени со тоа што да одговараат тие што им нанесоа толку болки на тие фамилии и тие кои допринесоа за да се случи тоа. Мојата функција како пратеник ја знам, ја знаев од порано и затоа ви велам е да го одржам тој линк помеѓу извршната власт и како пратеник, но да бидам прв параван и прва мета ако извршната власт дали преку МВР или преку полицаец, јас да бидам прва мета како пратеник, затоа што тој народ, тие граѓани мене ме гласаа. И ќе ви кажам пример што ќе се убедите дека само така е. На овој 28-ми ноември што помина денот на знамето албанско. Јас бев во просториите на Собранието, ми се јавија дека таму во мојата општина каде се прославува 28-ми ноември со знамето и за знамето со историски час итн. и културна манифестација веќе е дојдена полиција со комбе и јас отидов таму. Кога отидов веќе се спрема тоа што требаше да се прослави денот на знамето. Во џамијата имаше, затоа што беше петок кога одат луѓето најмногу во џамија, имаше околу 500, иои 600 верници во тоа време.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:(**продолжение)

Во Џамијата имаше околу 500-600 верници, затоа што беше петок кога одат најмногу. Таму полицијата. Мојата должност како пратеник беше да одам брзо таму, да воспоставам контакти со надлежни институции за таа работа и да им кажам на полицајците дека вие тука не треба да бидете. Кога не би отишол јас, кога не би превземал јас мерки, тогаш тие 500600 граѓани би дошле во судир со тие 2-3 полицајци, веројатно со уште многу други и ќе се случеше тоа што е непотребно.

Што сакам да кажам? Ние сме тие кои треба да одговориме на нашата функција и ние треба таа одговорност до крај да ја имаме кон граѓаните кои не бираат. Но, институциите треба да сфатат дека репресија или извршување на некои наредби од некои луѓе, дали од првиот од втори не може без да се консултира или информира пратеникот или градоначалникот. Дури и тоа што се случи во Гостивар требаше да се информира. Каков таков, таков е требаше да се информира тој градоначалник дека таму доаѓа полиција. Не може така. Најодговорната личност е градоначалникот. Мене еднаш еден градоначалник во Сарај ми рече, имало некоја збрка за просториите и му дошол од полицијата и му рекол "надвор од овие простории..." Градоначалникот го прашал кој сте Вие, а тој рекол дека е началник на полиција. Одлично му одговорил градоначалникот. "Ти се началник, ама јас сум градоначалник". Тоа значи дека мора да се почитува и до крај да се почитува избраниот, тој што е биран од тие граѓани, со тој да се обавуваат разговори за да не дојдеме понатаму во ситуација каде што после треба да формираме комисии, извештаи, итн. итн.

Јас се надевам, можеби некој друг, сепак за јавноста е, мерките кои се предлагаат треба да знаете и Вие и јавноста, затоа што целата јавност може и од оваа говорница да се манипулира.

Првата мерка која се предлага "интензивирање и побрзо завршување на организационите, функционалните и кадровските реформи во Министерството за внатрешни работи во целина и неговите структури при што да се води сметка за застапеноста на националностите, што е основен услов за негово целосно прилагодување и успешно функционирање во услови на политички систем со парламентарна демократија, како темелен принцип на нашето уставно уредување". Зошто да се рече дека не се прифаќа ваква мерка предложена од Комисијата.

Второ, усогласување на подзаконските акти и другата правна регулатива за вкупното дејствување на Министерството за внатрешни работи со законите и Уставот на Република Македонија, како и со меѓународните стандарди и акти со што меѓу другото прецизно ќе се уреди и постапувањето на овој орган во вакви и слични околности ќе се исклучи ризикот од евентуални самоволни постапки на поединци и пречекорување на нивните службени овластувања. Мерка која е предложена, зошто да не се прифати?

Трето, иницирање на активности за едуцирање на стручните раководни кадри во Министерството за внатрешни работи и особено на припадниците на полицијата во согласност со европските стандарди, нормативи и стандарди. Зошто да не се прифати?

Четврто, надлежните служби да ги продолжат и интензивираат активностите за идентификација на вистинските причини и носителите на несаканите појави во врска со настаните во Гостивар на 9 јули 1997

година со преземање на законски мерки на одговорност особено во поглед на околностите кои доведоа до несаканите жртви.

Петто, комисијата укажува на доследно почитување на Законот за јавни собири и другите прописи од оваа сфера од страна на граѓаните и организаторите на масовни собири заради изразување на мирни протести и незадоволство од определи општествени состојби и појави.

И сето тоа што се предлага од оваа комисија неколкумина дискутанти и го кажаа. Должни сме како парламент, како пратеници, како институција највисока, законодавна сето ова да го следиме, да го пратиме и да имаме еден перманентен механизам со кој еднаш за секогаш Министерството за внатрешни работи да знае дека се следи од најодговорната институција во оваа држава, а тоа е Парламентот на Република Македонија.

Ако се сфати така, тогаш веќе е полесно да ги обавуваме и нашите функции како пратеници и да го сочуваме и да го припазиме достоинството на граѓаните што ги претставуваме.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Зекир Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, веројатно многу се кажа во врска со Извештајот за настаните во Гостивар, па еве излегов и јас да кажам неколку реченици, секако настојувајќи да не се повторувам во некои случаи. Секако има уште нешто да се каже, не да се обвинуваат тие што беа во Анкетната комисија, не да се каже дека

директно се тие виновници што толку скромен излегол Извештајот, но да се каже вистината за настаните во Гостивар.

Јас навистина се чудам кога некој си зема за право да кажува дека сето тоа што е опфатено во Извештајот е во ред, дека сето тоа само така треба да биде и ништо повеќе. Повеќе излегува контроверзно кога еден дел на претходните дискутанти кои по повод настаните во Гостивар кажаа многу аргументи и се и сешто' токму во интерес на вистината, сега кога се комплетира една работа, кога треба да се заокружи целокупната работа во Извештајот ништо не се кажува повеќе од тоа што беше кажано и во Извештајот на Министерството за внатрешни работи што беше по тој повод доставен.

Прво и прво, јас мислам дека Комисијата се обидувала на некој начин да дава некои факти, некои аргументи, но тие факти и аргументи секогаш оддалеку ги заокружува што значи нема смелост, право и аргументирано да докаже кој е обвинет. Јас навистина би сакал да слушнам, без оглед што претседателот и еден член досега дискутираа од одредени членови на оваа комисија да ни кажат кои беа тешкотиите, кои беа проблемите што тие навистина толку, толку скромен извештај доставија до Собранието на Република Македонија.

Зошто велам дека е скромен. Од цела таа ујдурма, од цел тој комплекс на недоразбирање, од цел тој тендинциозен настап кон граѓаните на Република Македонија, од цела таа иницијатива што не беше само случајот знамиња, туку беа огромни, огромни факти и аргументи кои беа нагомилани и порано за да дојде до случајот Гостивар, за да дојде до еден масакр кој навистина за граѓаните на Република Македонија, посебно за Албанците што живеат во тој дел нормално ќе

заследат некои траги, некои црни дамки што никогаш не можат да се избришат.

Понатаму, излегува дека сето ова што беше сторено да се заокружи и да се најде виновникот или виновниците, а како и секогаш се знае дека кога "Кадија те суди, кадија те тужи", уште повеќе нема да излезат на површина аргументите и фактите што навистина сега сите граѓани на Република Македонија ги знаат како такви, и такви мислам дека се.

Јас уште се чудам за еден толку сериозен проблем што и денес не е присутен министерот Чокревски, кој навистина сноси одговорност и навистина по мое убедување тој човек убеден сум дека или треба да си оди или работите нема да одат како што треба. Зошто го велам ова? Го велам заради тоа што и ден денеска тој човек после првите дискусии кога беше на дневен ред оваа точка, по завршувањето на сите дискусии и излезе во едно интервју не знам на која телевизија и навистина јас се чудам како може еден човек така навредливи зборови и реченици во име на еден одделен број пратеници да дава и да ги обвинува, а без да има факти и аргументи. Човек кога си има факти и аргументи излегува тука и кажува "Господа пратеници Вие сте обвинети за ова, за ова, работа", а не само да се каже на цинички начин преку медиумите, а после воопшто да не го образложува тоа што го кажува. Навистина се чудам како може еден човек кој е на одговорно место да си дозволи на самиот себе и тоа пред медиумите такви навредливи зборови, дури сите ние ги памтиме и знаеме, беа тешко навредливи и за нас пратениците, а посебно за пратеничката група на Демократската партија на Албанците. Меѓутоа, нека му биде чест, а јас имав намера да му кажам ако не чувствува за неопходно да биде присутен тука, тогаш нека го слушне, таквите работи

се многу ризични и опасни посебно во овие услови и одговорности, кога се обидуваме да градиме една демократија, а таа демократија никако не можеме со вакви настапи и вакви однесувања да ја постигнеме.

Исто така, чудно е кога еден претходен пратеник тука се обидуваше, никој не му го скратува правото да си го каже своето мислење, но да обвинува еден градоначалник како што е Руфи Османи, кој во моментот не бил моќен да излезе ни пред масата, ниту таа иницијатива што почнала таму, иницијативата почнала порано, пред да биде тој заробен и пред тој да биде киднапиран од својата куќа заедно со некои свои соработници и после сите тие обвинувања да излезат и одредени луѓе што беа иницијатори, поттикнувачи за таа работа да кажуваат јавно дека тој е виновен, заради нивните настапи станало така итн. Јас мислам дека сето тоа е планирано да стане така, сето тоа беше една иницијатива за исплашување на граѓаните на Гостивар и Тетово со подготвено сценарио, но на крај стана тоа што стана, жртви, тепање, малтретирање, дури и пљачкање луѓе кои навистина беа мирни и во никој случај не се изложија на такви напори, беа нападнати во своите домови и куќи, што мислам дека ова како принцип, ова како метода на надлежното Министерство, нешто не доликува, туку го осрамува и на крај краишта тоа е една срамота за цела држава. Во никој случај не можеме ние да кажеме дека ваквиот настап или таквиот настап бил или не бил со намера. Намерата била порано како сценарио направена и како таква и реализирана.

Во Извештајот се предлага дека треба да се воспитуваат органите на Министерството за внатрешни работи бидејќи има пречекорувања и

треба да се превземаат некои мерки против нив. Јас навистина се чудам како може да се воспитува еден човек кога е возрасен, кога има повеќе од 30 години, кога цело време кај него е набиена една омраза, една таква форма и метода на воспитување, тој секогаш да биде против некого без оглед дали има право или нема. Таквите случаи јас навистина се чудам како би можеле ние со едни вакви форми на анкетни комисии да ги воспитуваме, затоа што навистина не ќе можеме ништо од тој аспект да придонесеме. Ние како пратеници можеме се и сешто да кажуваме, но во суштина треба да се менуваат некои работи што се во интерес и корист на тоа министерство. Дека треба да бидат воспитувани со сите граѓани, а јас имам примери и примери досега, не само за тој случај, туку и за ред други случаи. На крај краишта, сите ние сме сведоци еден полицаец на пат да те сретне па да ти ги бара сите документи, се однесува така што прво и прво, ти гледа име и презиме, што си, па после тоа да преземе мерки кои му одговараат на него. Од тој аспект мислам дека сосема е нелогично и нема шанси и форми, ниту методи што би можеле сега да се применуваат за коригирање на тие луѓе. Тие луѓе воопшто треба да се менуваат како едукација бидејќи им се наметнати многу, многу нешта, поради што не може за кратко време да се симнат или да се оневозможат.

На крај, мислам дека има шанси и методи и органите и Собранието, без оглед јас сум убеден дека малку има расположение од страна на тие луѓе што навистина, за жал треба да го кажам тоа, но во интерес на вистината дека го правеле тие луѓе што се во коалиција, го направиле тие луѓе што навистина сакале таа тензија што беше тогаш малку да ја смират. Тензиите нема да се смират додека темелно некои работи не се менуваат. Ако не се менуваат тоа значи дека ќе помине подолго време додека ние да разрешиме некои прашања.

Дури и јас во комисијата реков дека овој Извештај не што не ги опфаќа елементарните работи што треба да бидат не што не ги кажуваат пречките што ги имаат, не што не ги кажува и другите препреки што во текот на анкетирањето требало да ги наведе во извештајот, не што имало и други проблеми, туку децидно се спомнува дека имало проблеми само со градоначалникот Руфи Османи што не им дозволил, или давал материјали во врска со ова како доказ. Зарем малку сте имале докази од граѓани, зарем малку сте имале поплаки, зарем малку сте имале приговори, зарем малку сте имале во судовите и другите органи можност да најдете аргументи, а толку аргументи што навистина сега господинот кажува дека ги имале ако од тие по една реченица би можеле да земат, јас мислам дека еден подобар пофин извештај ќе излезеше и навистина ние ќе имавме сега за што да дискутираме и кои се тие факти и аргументи што навистина и како граѓани, не само како пратеници ги знаеме.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**(продолжение)

За да се надмине ова, веројатно дека нема да може оваа анкетна комисија, па и овој парламент да достави, да поднесе или иницира некои други работи кои навистина ќе имаат влијание во тие работи и во таквите настапи. Но мислам, барем приближно да беше во споредба со тие извештаи што беа доставени од страна на други компетентни, а јас тука би го спомнал само случајот на извештајот што беше доставен од г-ѓа Елизабет Рен што навистина беше и побогат од овој извештај и нормално дека предлагаше и конкретни мерки, без оглед на тоа таа институција што таа ја водеше колку ќе има право да влијае во настапите што беа во Гостивар и во Гостиварско.

Верувам дека и нашите дискусии малку ќе придонесат за да се смират овие работи. За конкретниот случај, без оглед што и нашата пратеничка група има некои предлог заклучоци, јас би рекол дека би било добро, токму за овој период на време, ако не друго барем ние да предложиме и некои дополнителни мерки што би го дополните овој извештај, а јас за крај би рекол и уште едно друго прашање кое ќе му биде посветено директно на претседателот на државата.

Ако сакаме мир во куќата нормално дека не ќе можеме со овој извештај да ги смириме сите овие нагомилани проблеми, туку веројатно дека и претседателот на државата си има свои ингеренции си има свои права. Јас, веројатно, мислам дека тоа право, ако сакам навистина да се најдат некои решенија имајќи убедување дека тие настапи беа само политички настапи, треба да го користи своето право претседателот на државата и да го аболира и г-динот Руфи Османи, како градоначалник на општина Гостивар, заедно со Рефик Даути и да се стопираат сите тие монтирани процеси, бидејќи тоа се политички процеси, за да можеме

понатаму да не се судираме со овие меѓународни односи, за да можеме понатаму да имаме мир во куќата, спротивно, ако се настапува со вакви трендови, ако мислиме дека само со казнување на луѓето, само со апсење на гласовите на граѓаните ќе ја постигнеме таа цел, веројатно тоа никогаш не ќе можеме тоа да го направиме, бидејќи има уверување не само во Тетово и Гостивар и воопшто во Западна Македонија, јас сум убеден дека и од одреден број на пратеници што се тука, а мислам дека и од одреден дел на граѓани од Скопје и од цела Македонија се убедени дека таквите постапки со политички процеси, монтирани политички процеси, за постигнување на некои цели на одредени политички партии што навистина, во секоја мера ништо не дозволуваат и ништо не бираат, само да бидат на власт.

Јас уште еднаш ги повикувам сите пратеници со својот авторитет да придонесат за да можат да стекнат едно убедување и кај граѓаните и меѓу себе и сите тука меѓу нас, за да влијаат кај одредените органи на државата, кај компетентните, дури и кај претседателот на државата, тие што имаат можност да влијаат, дека навистина, треба да се стопираат ваквите процеси, бидејќи тие повеќе ќе и нанесат штета на нашата држава. Никој нема да изгуби повеќе отколку Република Македонија како држава, а веројатно јас мислам дека во ниедна демократска земја во светот нема луѓе од политиката кои што се затвараат, нема политички затвореници, па токму заради тоа една држава го стекна тоа право како демократско и како цивилно друштво.

На крајот на краиштата ако ние постапуваме уште со репресивни форми, со едни други намери, божем да ги дисциплинираме граѓаните, таа цел, веројатно, за тоа време не одговара и мислам дека во никој случај нема многу да придонесе.

Јас имав да кажам уште многу работи, но во интерес на тоа што не сакам да ја злоупотребам оваа говорница, продолжетокот односно другиот дел од дискусијата ќе ја доставам до записничарот, да ја стави во стенографските белешки.

(Овој дел од дискусијата: пратеникот Зекир Кадриу ја приложува)

Ова го велам од аспект на тоа што уште од почетокот, односно од формирањето на оваа Република, настојувањата од двата корпуса најголеми националности, се одвиваа во сосема некоректни и не принципиелни основи: Обидувајќи се кој што повеќе и повеќе да придобие своја полза и во свој интерес.

Ова го кажувам и од аспект на тоа, непринципиелност е кога сме се обиделе дури и со меѓународниот фактор да манипулираме кажувајќи на тоа дека сме држава со граѓански концепт, од каде сите меѓународни стандарди и норми ќе ги почитуваме донесуваме исто така граѓански устав потоа донесуваме закони кои кореспондираат со заканите на Европските и светските стандарди и така натаму.

И што всушност се случи подоцна? Ништо посебно од тоа што е реалноста во оваа држава.

Полека во соработка со умерената коалициона линија се вративме во нивото на сличните стандарди на осумдесеттите години.

И сега веројатно дека ова подобро; умерените го знаат дека некој треба да бара а некој да дава, дека сега или не е ситуацијата да правиме она или ова и се враќаат работите така како што врват и како што сите ние ги знаеме.

Па, како и што беше докажано и во досегашната практика; од време навреме се инсценираат одредени процеси од настанот на Бит-пазар 1992 година. Радолишта 1993 год? Мала Речица 1994 година. Афера на оружје 1995 година, потоа настаните во Гостивар и Тетово 9 јули 1997, и потоа фамозната четири странична приказна, односно се извинувам извештајот кој е подготвен за шест месеци за евентуалните божеме пречекорувања на органите на Министерството за внатрешни работи во деветојулските настани.

Веќе ова е крајот на една конкретно несериозна и докрај неодговорна политика која го обиколува сето она што би се рекло "права

ујдурма" која води кон едно драстично и тенденциозно загрозување на сите права и односи на не немакедонците кои живеат во оваа Република.

Кога го велам ова одговорно и отворено ги имам предвид овие конкретни работи.

Донесување на еден одреден број закони кои некореспондираат со реалните услови, на структурата на популацијата која живее моментално во Република Македонија составот на националната структура, како мултиетничка мултикултурна и мултиконсионална.

Донесувањето значи на непринципиелна одговорност туку сите против кого било во прашање и интересот на не Македонците.

Негирање како до ден денеска; елементарните права како што се:

- негирање на националните симболи и претворање само на приватна и фамилијарна употреба,

- негирање и непризнавање на високото образование и т.е. (апсење на професорите и докторите на науки кои мислам дека нигде не постои во светот.

- регрутирање и апсење на луѓе избрани од народот, поради нивните политички убедувања што некореспондираат со мислењето на владините,

- апсење за искажаниот збор (оптоварувајќи дека сеат омраза по национална

- воведување вонредни мерки на одредени општини и казнување со незаконски мерки,

- инсистирање на репресивни мерки како начин на дисциплинирање,

- еднонационално вработување во најважните институции на државата, и системот;

- економски неосигурани - причина која и ден денеска покажува дека еден голем дел на граѓани кој на еден начин се приморени поради нивната егзистенција да тропаат по вратите на светските метрополи и што не друго.

Всушност темата за која зборуваме, исто така е суптилна дури и крајно загрижувачка. Заради тоа што со Гостиварските настани се сака да се покрие една демагошка цел каде е применатa сила над цивилите, каде се покренати судски процеси дури и со најмаксимални казни, каде јавно се казнуваат луѓето за изречениот збор, а потоа со разни манипулации се претвора на божем поттикнување и омраза на национална основа.

Извештајот по мое мислење не е ништо друго освен компромис меѓу коалилцииoните партнери, заради мир во коалиционите партнери, заради мир во коалицијата и добивање во време.

Од друга страна деветојулските настани. ќе останат една црна дамка во историјата на оваа држава која на крајот од краиштата е резултат на консензусот што е поврзан со Албанците.

Фактички деветто јулските настани во Гостивар се една поoштра реприза на настаните во Радолишта, Бит-пазар, Мала Речица, каде се одразуваше бруталноста и недостигот на толеранција на државата на најелементарните барања на Албанците.

Притоа и по контактите со граѓаните, освен хрониките со граѓаните, освен хрониките на местата на настаните, почна и разни, разни коментирања, во прилог на кого оди сето тоа што е направено.

Некои со мислења се и тврдат дека Гостиварските настани беа уште едно сценарио на СДСМ, која инсистира на овој начин да се покажува дека ги брани (односно да стекне) епитет на една партија која тврдо стои по националните интереси, за да го сузбие позиционата партија која претендира да дојде на власт што всушност е една стратешка цел за сузбивање и недозволување на реализација на барањата на Албанците во Република Македонија.

масакрот во Гостивар каде полицијата уби најмалку тројца граѓани и претепа неколку стотици е и слабост на двете најголеми полити;ки партии и за жал не најдоа сили заеднички да ги решаваат крупните проблеми со заеднички интерес.

За настаните во Гостивар несомнено дека се изјаснија и меѓународните фактори и Хелсиншкиот комитет за човекови права,

почитувана госпоѓа Елизабет Рен, кога беше во функција како специјален известувач и која два месеци по настаните дојде во Република Македонија за да ги открие фактите и да изготви дефинитивен извештај со "Комисијата за човекови права".

Што всушност констатира од сето ова:

- Една реална вистина дека имало потреба за одреден број полицајци во местото на настаните, и дека тоа е нормално (!), но неприфатливо е да се тепаат луѓето кои беа подлегнати на земја, и притоа да се тепа кога веќе не покажале никаков отпор. Тоа е утврдено и од другите сведоци посматрачи на УНПРЕДЕП и други очевидци, покажуваат и видео снимки, каде имало случаи и малолетни деца кои беа малтретирани и тепани до несвест, што не можел и родителот да ги препознаат. Знак што покажува дека не беше целта да се симнат само знамињата, туку се покажало една набиена омраза која веројатно со години е акумулирана и која е резултат на погрешното едуцирање на одредени полициски кадри и структури на државата, која по се изгледа има намера докрај да ги сруши темелните вредности на оваа држава.

Жалам што и во извештајот ниту писмено не смогнаа сили да ја докажат вистината и да го именуваат виновникот кој отворено со омраза делува практички, изјавува конкретно и тоа се унапредува во повисока функција; наместо да биде зад решетки и за се одговара за стореното дело тој за жал најавува невистини и никогаш не ги образложува тие невистини, ги затајува круционалните проблеми дури кога е во прашање претседателот на државата и така натаму.

Сето ова покажува уште и битниот факт дека неслучајно Република Македонија па тие настани и не можеше да биде членка на Советот за безбедност на ОН. Па поради тоа, доби само 30 гласа во споредба со Словенија која доби стотици. Што значи тешко е да го убедиме светот дека службениците на институциите на Македонија ги почитуваат параграфите на меѓународните спогодби меѓу ентитетите.

Не случајно потоа претседателот на државата се обидуваше на еден заеднички состанок со сите релевантни политички партии и да

донесе една декларација во која ќе се изнесеше ставот дека за надворешна политика сите сме едногласни без оглед на партиските определби од позицијата и опозицијата на сите ентитети но заборавајќи и на многубројните интервјуа на самиот претседател кои беа многу контроверзни, и кои колку што јас знам се набљудувани, од сите страни.

Впрочем, перманентно имало еден базиран обид за да се креира пред медиумите еден имиџ кој впрочем Македонија го има како посебен респект.

Но оваа фарса излегува на видело кога за Македонија се обидувале (од одредени политиканти) да и се дава дволично огледало значи една во надворешниот план а другата во внатрешниот план, односно од една страна оаза на мирот од друга страна Пасапорта за непочитување на меѓународните конвенции и права сепак сум на мислење дава ова анкетна комисија всушност и немало повеќе од тоа можности бидејќи и толку им даале да го расветлат случајот.

За крај предлагам

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Јас мислам немаме доволно пратеници во салата и треба да се даде пауза.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Јас мислам дека имаме кворум за работа.

(Ве молам утврдете точен број на пратеници во салата).

Предлагам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,25 часот.)

Има збор г-динот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници. Денес расправаме за извештајот на Анкетната комисија за настаните во Гостивар каде, овде од оваа говорница, од одреден број на пратеници се искажани многу невистини, не се искажани реално и објективно работите како што стои во извештајот на работата на анкетната комисија.

Беа поставени многу прашања, дали Комисијата ја оправдува интервенцијата на полицијата во Гостивар, дали се одговорни некои структури од МВР итн., а јас мислам и треба да кажам од оваа говорница дека, навистина, извештајот што е пред нас е кус извештај, меѓутоа многу содржински.

Јас мислам дека Комисијата сериозно се нафати на оваа работа, од првиот ден, од кога е формирана оваа анкетна комисија за настаните во Гостивар. Се нафати сериозно за да расветли дел од тоа што стана таму во Гостивар на 9 јули.

Ние едно треба да знаеме а тоа е дека предмет на оваа комисија беше да констатира дали има пречекорување на овластувањата од страна на работниците на МВР и тоа во извештајот е констатирано дека има пречекорување на овластувањето. Многу децидна во извештајот е Комисијата каде што се вели дека Комисијата смета оти има пречекорување на овластувањата од поединци и групи.

Ако сакаме да зборуваме за причините зошто дојде до настаните во Гостивар, јас мислам дека многу кажавме после седницата односно на седницата што се одржа веднаш после настаните во Гостивар.

На нашата пратеничка група, на пратеничката група на ПДП не и беше јасно зошто другата албанска партија што учествува во овој парламент, со свои претставници не учествуваше во работата на анкетната комисија. Зошто не предлагаше свои претставници во оваа анкетна комисија. Нивната апстиненција остава простор да се протолкува како одбегнуваше од вистинската работа,. од соочувањето со фактите и аргументите, а да се протолкува и како прифаќање на демагогијата, што во никој случај не може да биде принципиелна.

Препуштањето на правото за учество во работата на една комисија и заменувањето на тоа право со правото на критика се поими кои некореспондираат помеѓу себе.

Јас од оваа говорница само едно би кажал: Дали е подобро нешто да работиш или да останеш од страна и да гледаш се тоа што се случувало од тоа време па до денес и понатаму. Јас мислам дека е подобро да работиш, ако не можеш да го расветлиш се тоа што настанало, барем еден ден ќе расветлиш од тоа односно од трагичните настани од Гостивар. Тоа и беше целта на комисијата, и Комисијата мислам дека си ја постигна целта, дојде до одредени заклучоци дека има

пречекорување на овластувањата. Комисијата не може да биде истражен орган, да биде истражен судија кој, ќе се занимава со поединци, туку тоа колективно се занимаваат со сите за се тоа што настана во времето на 9 јули во Гостивар. А тоа, понатаму за одговорноста на поединци и групи ќе се занимаваат истражните органи, истражниот судија и другите органи на државата.

Но, да се навратам пак по извештајот.

Трагичните настани во Гостивар во секој случај беа плод на едно маркетиншко поставување на две политички партии, една македонска политичка партија и една албанска политичка партија Јас повеќе нема да навлегувам во тоа дека тоа е нивно право. За тоа нека оцени народот. Ние тоа што сакавме да кажеме за причините, кажавме на таа седница, го реков јас пред малку и тоа.

Задачата на анкетната комисија беше да ги испита околностите во врска со интервенцијата на полицијата во Гостивар.

Наша констатација па и констатација на Комисијата е дека пречекорување на овластувањето имало. Ова сме го потенцирале и порано и ова прашање не може да биде дискутабилно. Ова го потврдуваат конкретните случаи при интервенцијата на полицијата во Гостивар при што се малтретирани, претепани и приведени голем број недолжни граѓани.

Во критичниот ден, едноставно полицијата би можела да оди во Гостивар, да го симне албанското знаме, ако тоа било по препорака или одлука на судот и да се повлече. меѓутоа, полицијата тој ден го стори спротивното. Чекаше непотребно долго, се однесуваше нервозно, додека не се собраа граѓаните за да интервенираат.

Суштинско прашање може да биде и времето кога е дадена наредбата и кој ја дал таа наредба за интервенција на полицијата односно кој нареди да се претепаат луѓето од страна на вооружени до заби полицајци кои очигледно беа национално настроени за нивните брутални постапки кон недолжните граѓани и настана тоа што настана, со трагични последици. Притоа, најлошото што можеше да биде, за жал, помина и со човечки жртви. Дури на еден од жртвите од страна на полицијата, од страната на органите не му беше извршена обдукција, со некакво наивно оправдуваше дека не било допуштено од страната на неговата фамилија, а со тоа е оставен простор за сомневање дека позади се крие нешто, позади овој настан. Во извештајот на анкетната комисија, откако се констатира дека има случаи на пречекорување на овластувањата од поединци групи, не се утврдува конкретно за кои групи и поединци се работи, несомнено тие се амнестираат кога се бара тоа да се утврди од страна на МВР и кон нив да се утврди одговорноста низ некоја си востановена практика што всушност кореспондира со тоа народното кадија те тужи кадија те суди.

Ако тоа се случи и се оствари по наодите на анкетната комисија, мислам дека МВР самата да ги казни своите постапки, тоа навистина ќе биде убаво изненадување.

Затоа јас како пратеник предлагам да се формира некоја си комисија која ќе ја следи работата на МВР, дали ќе ги реализира предлог мерките од анкетната комисија. Треба да има некој механизам што ќе ги прати, значи да има контрола во тоа што ќе работи МВР. Значи, до крај,да не остане тоа само декларативно. Имало предлог- мерки од анкетната комисија и тие мерки се прифатливи за нас, тие предлог мерки што се доставени од страна на анкетната комисија во овој извештај, но бараме да има некој надзор во тоа, дали ќе биде Комисија од парламентот, што ќе врши контрола дали тие се реализираат.

Очигледен е фактот дека досега МВР, во своето дејствување било надвор од контролата на Владата и дека во неговите органи и полициските редови имало многу грешки.

Пак ќе го спомнам тоа, притоа и затоа анкетната комисија предлага предлог мерки за подобрување на состојбите во МВР. Се предлагаат кадровски реформи и тоа веќе се случува во МВР, а тоа е резултат на оваа анкетна комисија дека навистина се нафатила сериозно да работи, од првиот ден. Јас знам и претседателот на Комисијата ми е пријател знам, секојдневно како се собираше таа комисија заедно со сите членови на таа анкетна комисија. Навистина сериозно се работеше. Па дали сега извештајот на мене како Вејсели ми одговара. Може би не. Меѓутоа тој претседател што е на таа комисија има само 1 глас. Тука треба да се хармонизираат сите членови на таа комисија и да излезе со еден ваков извештај, како што го имаме денес пред нас, како што рече и мојот колега Рамадани, па не може со седум извештаи да се излезе во ова Собрание мора со еден. Меѓутоа, со ова докажавме, од оваа говорница ни беше кажано дека во таа анкетна комисија само претставници од позицијата. Та никој не ги бранеше опозицијата да дојдат, тоа што го реков на почетокот, никој не бранеше пратеници од опозицијата да дојдат и тие да бидат членови на оваа анкетна комисија. Зошто не дојдоа, тоа е нивна работа. И ние како пратеничка група баравме пратеник од Гостивар, од другата политичка партија да биде член на оваа анкетна комисија, за да не дојде тука и да ни каже изјави. Изјавите требало да им се кажат на Комисијата дека она била во Гостивар,дека имаме веќе извештај. Затоа би требало нивни член да биде во Комисијата и таму со факти и аргументи да каже иако тој беше член на таа комисија, тогаш може би подруг извештај ќе даде итн.

Значи тие кадровски реформи што ги предлагаат во ова Министерство и во неговите структури, со консолидирање на редовите и на националната структура со претставници од сите националности. Јас посебно ќе зборувам за албанците.

Парламентарната група на ПДП и како политичка партија, партијата за демократски просперитет, во изминатите неколку години во неколку контакти со претставниците на ова министерство се ангажираше за подобрувањето на националната структура во органите на ова министерство.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:** (Продолжение)

Меѓутоа, нашите барања и забелешки не најдоа разбирање и беа оглушени.

Во структурите на ова министерство можат да се набројат напрсти ангажираните кадри од редовите на Албанците. Досегашните заложи на овој план се далеку од потребите. Јас би сакал од оваа говорница да посочам само еден пример. Во факултетот за образование на полициски кадри во Скопје во I-та година успеавме да запишеме 40-мина. На крајот излегоа 5, 6 или 10. Зошто е тоа така? Не дека Албанците не знаат, немаат знаење, меѓутоа тоа се прави, бидејќи тука има луѓе оптоварени, национално оптоварени. Денеска зборуваме за МВР, а тоа е случај и во сите други области. Значи, нивниот број селективно се намалува, од 40, остануваат 5,6 или 10. Тоа е поради тие предрасуди кон Албанците. Затоа, како што се наведува и во предлозите на Анкетната комисија во МВР во иднина треба да му се посвети доволно внимание на овој сегмент, кој е многу битен и важен сегмент. Очекувам предлог мерките на оваа комисија да се преточат во дело и да се откријат актерите на малтретирањата, претекувањата и преведувањето на недолжните граѓани во Гостивар. А, полицијата, која упадна во нивните домови, како и тие кои остација 3 недолжни жртви, да сносат одговорност и да се најдат пред правдата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Има збор г-дин Абди Фаик.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, колеги, Читајќи го извештајот на Анкетната комисија, дискусијата на

претседателот на Анкетната комисија, дискусијата на поедини наши колеги пратеници, знаејќи ја состојбата тогаш што се случи а кога јас ја видов таа состојба во странство, не овде во Македонија, информациите кои ширеа за тие страотни настани, би рекол, мислев дека кој знае каде се наоѓам јас или таа ситуација каде се наоѓа, во Македонија, некаде далеку од Македонија, во некој див свет или некаде во Јужна Америка кога се случуваше нешто со Салвадор Ањенде. Бев многу непријатно изненаден и до ден денес ми е криво што тоа се случи во нашата држава, во мојата држава. Но, верувам дека времето ќе најде начин како нас да не измени, а ние времето ќе го почитуваме, ќе го респектираме. Некни, во МАНУ беше наш гостин, како што знаете, заменикот на државниот секретар на САД. Тој помеѓу другото кажа дека поминавме 3 војни, не 2, светски војни, I Светска војна и II Светска војна и ладната војна. По пропаста на комунизмот, еве ја демократијата и народот веќе не треба да се плаши од нешто што би се рекло, световна војна, како што вели нашиот претседател Киро Глигоров.

Ако се сеќавате, кога го усвојувавме Уставот на РМ или пред тоа, овде еден претседател на вонпарламентарната партија. млад човек адвокат, со бркчиња, излезе и кажа некои зборови овде. Помеѓу другото кажа, на крај да се знае кој е стопанот. Заради тоа што во преамбулата стои дека РМ е национална држава на македонскиот народ. Но, аз среќа, кога се врати и седеше до мене и му текна, па ми се извини. А, јас му реков дека треба да се извиниш таму на говорница, зашто тие зборови значат дека тука има господари и робови. Меѓутоа, во историјата, вие сигурно знаете дека нема познат случај робот да се борел за слободата на својот господар. Освен во еден случај ќе кажам, а тој е извесниот Бен

Хур, кој морал како роб да се фрли во вода и да го спаси својот војсковоѓа, римјанин, за да го однесе жив во Рим и така да си ја добие слободата. Потоа, отишол во својата земја Палестина.

Би сакал една мала интервенција до заменикот министер за внатрешни работи, треба да се укаже на одредени полицајци, на одредени слоеви на полицајци, дали се претвораат во пазарни инспектори, да ги гонат и тепаат граѓаните и да им ги земаат работите, тоа е срамота. пазарниот инспектор треба да оди таму и тие ако побараат асистенција, тогаш полицијата ќе оди, а не полицијата да оди таму и да зема работи итн., тоа е нелогично, а и срамотно. Еве, јас седнав прв пат да диктирам една материја, зашто сметам дека е многу осетлива и да кажам она што јас мислам. Односно како јас гледам на овој проблем од сосема друг агол. Не го гледам ова баш онака како некој овде го гледа. Јас имам свое право како јас да го гледам и тоа го кажувам.

Пред повеќе од 2 месеци Комисијата за надворешно политички прашања имаше средба со една европска комисија предводена од Германец кој помеѓу другото, зборувајќи за неможноста за потполна имплементација на Дејтонскиот договор кажа дека уште во времето на Бизмарк а и сега, ние сметаме дека овој регион претставува една црна дамка во Европа. Кој знаел дали имал право. Изгледа дека имал право.

Во времето кога се случија овие настани јас се наоѓав надвор од РМ и верувајте ми она што се пренесуваше во таа странска земја, беше навистина многу страшно и грозно.

Читајќи во извештајот меѓу редови на Анектнатак омисија јас дојдов до заклучок дека се сака одредено помирување, благо речено, заради заеднички соживот, бидејќи трета работа нема односно може да има

само војна. Дали тоа на нас ни треба. Јас сум убеден дека нашите граѓани овие денови, гледајќи што се случува на северот од нашата земја стравуваат за својата сопствена кожа, за фамилиите и младото поколение. Во контекст на сите оние работи би сакал да кажам некои работи за кои сметам дека дојдоа, а и можеби ќе дојдат само од недоволно познавање на демократијата односно дојдоа само отсутност на потребниот степен на демократијата. Ако бевме доволно, да речам, осознаени, со демократијата итн., овие и другите настани, јас верувам и тврдам дека немаше да се случат. Ќе се најдеше начин како да се избегне во такви случаи.

Ние денес на нашата земја гледаме со доверба, барем јас така гледам. Бидејќи таа е во состојба да игра суштина улога на Балканот, односно регионот, кој е животно важен за безбедноста на нашиот континент, на Европа. Свесен сум дека нашата земја е европски ориентирана и убеден сум дека може и треба постапно, но сигурно да се доближи и да влезе во ЕУ, со која веќе имаме големо пријателство во многу сегменти. Убеден сум, исто така, дека на тој пат нема да не достасува поддршка и од нас пратениците пред нашите граѓани, односно нашите бирачи од најмалото до најстарото.

Јас верувам дека граѓаните го делат ова мислење и верувам дека овој Балкан нема да преставува црна дамка, како што пред малку тоа го кажав.

Почитувани дами и господо пратеници,

Овде во Парламентот со години се водат политички дијалози се донесуваат одлуки и закони за ослободување на човекот од било каква диктатура, за да се дојде до овековечување на уставната положба и повелба за граѓанинот, низ која се прокламираат правата на човекот и граѓанинот, на човечкото суштество. Прашање е во колкава мера

успеавме тоа да го сториме. Граѓаните на РМ на нас гледаат како на добри пријатели, воопшто пријатели на сите граѓани во Републиката, без разлика на нивната верска, национална, јазична и друга припадност,. Во мене остана длабока љубов и горчина. Парламентот каде што се искажува суверeноста на сите граѓани на РМ каде што се чувствува честа и обврската да се претставува својот народ, својата националност во очекување на неговата слобода, правда, безбедност, мирот во земјата и пошироко. А од друга страна пак, горчина, поради тоа што, заради претходното треба да се биде со високо национална и граѓанска свест, свест на чести патриоти и родољуби, свест на големи демократи, свест за разбирање на зборот сожителство и правата што произлегуваат од тој збор сожителство.

Верувам дека сите ние искрено го чувствуваме. Довербата која што ни е доверено од нашите средини во нашите политички партии во локалните и државниот парламент овде во РМ, ни наложува и ќе ни наложува и понатаму голема љубов и залагање, да го слушаме гласот на тие кои што се најслаби, што имаат најголема потреба од правда кој очекуваат нивните права да бидат вистински, фактуелни и почитувани се разбира, со соодветни решенија во институциите на системот на земјата, повелбата на ООН, Женевските, париските, хелсиншките и резолуциите на ЕУ, Европскиот парламент и другите владини и невладини институции и институти.

Таквиот повик, повикот на најслабите и сите тие кои ги претставуваме и кои во иднина ќе дојдат да ги претставуваме во овој парламент, на нас како на пратеници ни дава чувство за деликатноста на тежината, за свеченоста на нашата задача и секој ден да не потсетува дека секогаш треба да бидеме спремни на тоа да дадеме одговори и да одговараме пред нашиот народ, кој ни го дал имунитетот, но да

одговараме, пред се, пред својата совест, зошто треба да воспоставиме рамнотежа меѓу народот, но без иритирање на народот, и неговите барања од една страна, а од друга државата, нејзините институции и закони и нејзината материјална основа и сметам дека токму тука на овој план затаивме, заради што дојде и до онаа срамота од 9 јули 1997 година.

Патот низ кој поминавме, патот на демократијата е сложен и мачен, пред се, што никогаш не завршува, бидејќи е постојана заложбата за надминуваше на тешкотиите, постојана ревизија и корекција на грешките. Ние треба да се исправиме како народни трибуни пред нашите граѓани па и да ги прашаме и сега да се прашаме, дали и колку сме го заслужиле овој епитет. Дали сме народни трибуни. Овој процес бара учество на сите, од сите бараат заложба и жртва, затоа што е тешко да се воспитуваме себеси, да ги воспитуваме другите во културата на демократијата. Затоа, изградбата на демократијата е особено одговорна овде во нашите средини, каде што беше потребно покренување на сложена и општа обнова во сите области од нашето живеење. Во отсуство на недоволна демократија и еманципација, одредени кругови се осоколија и ете дојде до она што се случи, не трудејќи се ни најмалку да ги разберат зборовите: "човекот може да се декларира себеси како човек односно како пратеник со имунитет до оној степен, доколку е степенот на неговата осознаеност аз својата општествена положба во општеството и одупирањето на некое општествено барање се знае што носи". Овде во овој случај имаше општествено барање околу знамињата, но се дојде до одупирање, негативен одраз кај граѓаните, и се случи она што се случи. Кој ќе ги сноси гревовите што ги кажаа претходните колеги. Се надевам тука има место и за полицијата и за раководството во тој дел од Републиката, па и кај нас пратениците овде.

Ова е невралгична точка на демократскиот живот, Тоа е примарна, морална и политичка заложба на сите нас, на народот. Да умееш да мислиш за другите, да се потсетиш за другите, да се жртвуваш, д се дадеш себеси за другите значи, да воспоставиш вистински демократски дијалог полн со разбирање и висок степен на толеранција, од што како плод ќе биде обострано мирно сожителство.

Дали сме одговорни за сето ова? Како што гледате јас зборувам обопштено, но мислам дека ме разбирате и меѓу редови што сакам да кажам.

Со нашите први чекори од 19 9 0 година наваму, можеме со право да се гордееме со она што веќе го сторивме и тоа благодарение на нашата односно раководната решителност заради заедничко добро, а тоа добро да преовлада над сите други интереси.

Се надевам дека заеднички ќе продолжиме без некоја помисла за узурпирање на гласот на нашите блиски кои ги претставуваме, без лични или крупносопственички интереси, зашто преобразбата, и битот на човекот односно нашиот граѓанин, тоа од сите нас го бара.

Се надевам дека и во нашите средини од каде што доаѓаме најповеќе ќе бидеме заинтересирани за економијата и политиката. Во последно време многу се среќаваме со одредени нерешени проблеми иако имаме поткрепа од соседите и од подалечните пријатели некои посегнал по нашиот јазик, некој посегнал по нашето име, некој посегнува по некое парче од оваа мала земја, но, тука се ООН, тука е Европскиот парламент, Европскиот совет тука е светот. Сигурно, тоа нема да се

дозволи. Случајот за кој расправаме нека ни послужи како големо училиште, како не треба да се однесуваме и како не треба таква квази демократија со тие мерки да излеземе пред наши граѓани, бидејќи го имаме најголемото оружје, човечноста и човештината, дијалогот, флексибилноста и разбирањето како максима на нашето заедничко живеење.

**ФАИК АБДИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Така Европа ќе не прими во сите институции, а тоа значи нема да бидеме дивјаци, на некој начин во одредено време и за одредени средини.

Благодарам што ме ислушавте, ова го кажав од душа, го напишав да ми стои како документ и да додадам партијата на која и припаѓам никогаш нема да се согласи со узурпирање на правата на луѓето, на граѓаните со тепање и малтретирање на стари, жени и на деца, како што реков еднаш ни на овој, па ни на оној свет. Ако некој се прави голем маж требаше порано да се вклучи да оди во Босна не ка покаже колку е јунак таму. Верувам дека ова што Комисијата го направила, го направила многу паметно, мислам дека тоа што предлага Комисијата ќе биде задача и на Парламентот и на Владата и на раководната структура во МВР, а знам дека ние имаме добри луѓе таму, наши пријатели, другари, добри функционери, имаме добри полицајци не се сите лоши, но секако меѓу житото има и кукол и ќе треба што побрзо тоа поубаво да се расчисти тој ориз, односно таа пченица од такви кои ги направија тие работи и што ги прават сеуште.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Молам, кој друг се јавува за збор.

Има збор господинот Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, што се однесува до гостиварските настани јас своето мислење го кажав кога беше точка на дневен ред во овој Парламент, сега сосема накусо ќе се осврнам да го кажам своето мислење конкретно по Извештајот на Анкетната комисија.

Ние како Парламент прв пат се сретнуваме во овој состав со институција Анкетна комисија иако прв пат не е формирана Анкетна комисија, меѓутоа прв пат добивме Извештај од една Анкетна комисија, што значи дека Комисијата сепак тоа е прва Комисија која успеала да стигне до еден крај, односно да состави Извештај кој е прифатен од сите членови на Комисијата.

Иако се согласувам со некои дискутанти овде, ќе бевме сите среќни доколку немаше потреба и немаше причини да се создаде Анкетна комисија, односно да се формира, "да немаше настан во Гостивар кој предизвика создавање на ваква Комисија. Очигледно дека Комисијата вложила доста напор и по моја оценка таа го направила она што објективно можела да го направи. Иако таа направила голем број разговори, еден значен разговор со градоначалникот не е направен од неразбирливи причини, поради негово одбивање да учествува во разговор со Анкетната комисија, меѓутоа, ценам дека е многу позитивно што таа не се претворила во истражен орган, туку целата активност ја насочила кон носење на оценка дали акцијата на полицијата е законски заснована и дали постоеле евентуални пречекорувања. За мене е значаен дел од Извештајот оној во кој се констатира дека акцијата на полицијата била законска обврска за извршувањето на одлуката на Уставниот суд и дека акцијата тргнувала од одредбите на законите за внатрешни работи, Законот за јавни собири, Кривичниот законик и други закони.

Прочитавме дека Комисијата констатирала дека постојат одредени пречекорувања, тоа се главно на поединци, но разбирливо не можела да утврди кои се тие и на кои се однесува и дека тоа е работа на МВР да ги открие сторителите.

На крајот има предложено пет Предлог- мерки, јас мислам дека се добронамерни и се однесуваат главно на функционалните и кадровски реформи во МВР. Мислам дека тука ништо не е спорно Министерството и така подолго време работи на свое кадровско и функционално реформирање, тоа е процес кој тече подолго време и процес кој не може преку ноќ да се направи, но сепак постои една реформа која подолго трае, но за мене е најзначаен и тој треба да го потенцираме последниот заклучок каде Комисијата укажува на доследно почитување на Законот за јавни собири. Мислам дека и овде треба да го потенцираме, со други зборови собирањето како демократско средство, средство за изразување на јавно мислење, па било да е протест, негодување не треба да се оневозможува, не траба да се задушува, но од друга страна организаторите треба да знаат дека доколку собирот се претвори, односно добие несакан епилог, односно несакани последици дека организаторите се тие што ќе ги сносат последиците, односно тие се одговорни за несаканите последици. На тој начин граѓанинот ќе може да го искористи своето демократско право за да го изрази своето јавно мислење, но како што има право има и одговорност доколку се случи нешто што не треба да се случи.

На крај го поддржувам Извештајот и ќе гласам за истиот.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Вечерва по четврт пат се наоѓа на дневен ред едно од најчувствителните и најделикатните прашања со кои се бави овој дом со години.

Обично се јавувам за збор кога сакам овој дом да не греши на почетокот да го дадам својот колку толку скромен придонес да не греши многу. Повеќе пати се јавувам последен или меѓу последните кога сакам да овој дом греши и да оди сосема да прави тотални грешки и да не личи веќе на сериозен Парламент. Пак би рекол Шекспир "Многу врева за ништо". За жал, вревата не е баш за ништо, туку за една сериозна работа кога се работи за убиства, за потценување, за жртви, за малтретирање. Тука имав можеби 50 страници говор кој вербално го изразив на оваа говорница. Уште толку приложив кон стенографските белешки, значи имам скоро цела книга од близу или повеќе од 100 страници. Не само што немам што да кажам понатаму има и те како само да се анализира една дискусија на еден пратеник, само вчера или денеска може да се каже, да се анализира научно- политички сериозно само овој таканаречен Извештај на оваа Анкетна комисија, исто така може да се направи еден материјал 10 пати повеќе отколку има во овие хартии. Јас ве повикувам повторно на тие мои говори дека и при оваа прилика по повод настаните и тоа трагични настани во Гостивар на 9 јули минатата година во прв ред се прекршени, прекршени од сите, па и од Анкетната комисија која се појавува со ваков Извештај, блеф, несериозен, уставните одредби, темелот, фундаментот на оваа наша убава, но сиромашна држава во џебот и во главата прекршени се законските одредби господа и ние избегавме од тоа што е основа, темел, и одиме на периферија, па испитуваме случаи, па луѓе, па разговори, па анкети и секакви дискусии тука, потенцирам секакви. Каде е грешникот во прв ред? Прекршени се меѓународни конвенции, тука ги имам сите ако треба да ги цитирам некои работи по не знам кој пат, а не само да се наведуваат во Извештајот дека се почитувани од тие кои давале наредби и тие кои беа извршители на тие наредби. Тука се факти и не можат да се изигруваат без оглед на тоа дали си позиција или опозиција, колку

сакаш материјал. Пак основното зошто бегаме од вистината понатаму? Како и да е овој народ ако нема многу леб уште трева не пасе и знае да цени и те како. Сите знаат дека 1973 година беше донесен Законот за употреба на знамињата, тоа го цитирав тука неколку пати дека употребата беше дозволена рамноправно на сите знамиња југословенското и тогашното знаме на Република Македонија и знамињата на тогаш се велеше народностите, а сега националностите. Тој Закон важеше. До кога? Тој Закон за употреба на знамињата важеше токму до критичниот ден до 00 9 јули 1997 година. Што да се изигруваме кога тука сме биле живи и живи сме уште. Сега што? Ако постојат, само да потенцирам, амандмани во 1989 година како што некој имаше смелост да каже во свое време, тогаш значи тој дел за употреба на знамињата беше пролонгиран, беше отфрлен. Меѓутоа, бидејќи тие амандмани на Уставот од 1974 година од тој ден кога е донесен овој актуелниот Устав од 17 ноември 1991 година тој веќе не важи, значи не важи ни Уставот, не важат ни амандманите и сега каде е вистината? Или повторно треба да има важност и тие одредби кои се укинати со тие амандмани, односно како што е признато дури од вашиот лидер на вашата партија на мнозинството дека постоеше хаос во правната држава што се однесува до употребата на знамињата. Значи, не постоеше закон воопшто. Ако не постои, ако постои, значи веќе се знаеше дека беше употребата рамноправна, а ако не постоеше значи нема закон има празнини помеѓу тоа Советот на општина Гостивар во својот Статут во членот 140 ја регулираше оваа материја, но врз која основа? Или врз основа на Законот кој беше донесен за употреба на знамињата во 1984 година или искористи празнина, па го искористи Уставот членот 48 став 4 врз основа на кој е донесен другиот закон и донесе Статут во кој е одредена употребата на сите знамиња на тие народи македонското знаме и на Албанците и Турците во Гостивар.

Сега што? Зошто бараме одговорност и пречекорување на полицијата во Гостивар одиме најниско, зошто не се враќаме малку назад. Прво виновник за се ова што се случи во Гостивар па и порано е владејачката партија на Македонија со нејзините соработници полицијата. Тоа е точно, тоа е Владата. Зошто? По оваа владејачка партија произлегува Уставниот суд тука избран, тој Уставен суд наместо како најнадлежен, како најквалификуван, најстручен да ја чува уставноста и законитоста на оваа држава да биде чувар, тоа е прва негова должност. Напротив, од претпоставени причини донесува одлука на 11 јуни за укинување, по нечие барање, на членот 140 од Статутот на општина Гостивар. Дали таа одлука на Уставниот суд е на место, дали е законска, дали е уставна, колку пати сум барал да ми кажат тука врз која основа, врз кој член е донесена таа одлука. Врз никаква основа. Врз фобија, врз албанофобија, врз омраза, а луѓето знаат кој е тој прв човек таму, како се однесува спрема студентите Албанци на тој факултет и како се изразува преку средствата за јавно информирање. Се знае. Сега ние треба сите да подлегнеме под влијание на еден човек, па и овој дом да се малтретира овде.

Значи, владејачката партија и коалицијата комплетно другари не господа, грешката е кај Уставниот суд. Потоа повторно се враќа дека таа одлука незаконска и неуставна треба да се извршува потоа се враќа до Владата, па Владата и Министерството, па трет виновник тогаш е вашата Влада.

Четврт виновник конкретно Министерството. Владата комплетно без оглед на тоа кои се во Владата што луѓето од Владата кои коалицираат па ми доаѓаат на говорница и ми солат памет дека ова се случи ваму-таму и дека никој не е виновен туку полицаецот е виновен. Најмалку е полицаецот виновен. Треба да се каже. Најверојатно немаше ни еден полицаец Албанец, но јас морам да ја кажам вистината тука

најмалку се виновни полицајците. Зошто? Значи, Владата одлучила нешто, Министерството, од каде е таа наредба, зошто во Извештајот не стои и тоа да се знае кој ден па и текстот да се достави да видиме кој се потпишал, некој треба да одговара за тоа. Нема евиденција кој каде отишол па колку пати преку телевизија едни членови од една националност во Комисијата велат дека тие се веќе одредени на други должности, другиот дека тие се на некој начин казнети, сменети. Тоа е смешно. Треба да се знае дали се сменети за оваа прилика, за овие грешки или затоа што им дошол редот и треба да одат на друга работа.

Сега што правиме. Имаме Извештај. Каков Извештај? Да негира нихилистички, априорно, никаков. Зошто?

Прво, самиот наслов на Извештајот Извештај на Анкетната комисија на Собранието на Република Македонија за согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар на 9 јули 1997 година. Значи, прво само да ги согледаат тие овластувања и пречекорувања па евентуално ако имало пречекорувања ништо понатаму.

**САЛИ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Затоа што тие закони се донесени овде, во овој дом треба да се бара виновникот, а некој ќе рече, поднесете кривична пријава па се води кривична постапка. Се води и до кога ќе се води, резултати нема, нели? Ако се води. Меѓутоа, нели е должност на оваа Комисија што е овде избрана, каде што е изгласан законот, па тоа што не можат да го направат другите органи, некои од нив или сите, меѓутоа, членовите на оваа Комисија требаше да почнат од првиот виновник, прво да разговараат со владејачката партија, тоа значи со себе си, и тогаш ќе дојде до самоубиство, па потоа да одат до Уставниот суд. Каде е таа одлука,што направивте луѓе? Критички да се однесува према нив. Нека се расчисти малку таму, па потоа се враќаат пак до Владата и до првиот човек, потоа до МВР до министерот, кого го нема. Каде е Владата денеска, нашата Влада се наоѓа на обвинителна клупа, а не е тука. И сите вие, цела опозиција,цела позиција, потоа да оди во Гостивар, само таму не може да оди. Ако се соберат стотини луѓе да даваат изјави, можеби од радозналост затоа што никој од вас не може да седне, па вие не може те да одите со луѓе да контактирате директно.

Извинете имам комплетен доказ, пратеник од овој дом оди од еден град во друг град со маска по градот. Во денешно демократско време почеток на XXI век може тој не може да оди на погреб а ние бевме сите пратеници, од мојата партија, ние бевме на сочуст дома, ние разговараме дење и ноќе со такви луѓе и ни се јавуваат сами да не прашаат што направивме. Ние слободно одиме по градот. Одиме од Кичево мое, слободно до Гостивар, па Скопје, па Тетово каде што имаме можности повеќе да се помине.

Вистината вие за Гостивар не ја знаете, па за среќа телевизија А-1 бар тоа беше пообјективно, снимаше вие знаете и ние знаеме каков беше случајот. Тука се осуди, Мирко Лазаревски, за жал лекар е, да каже дека требаше да пишува во извештајот дури за тие бунтовници. Бунтовници се жртвите? Па да беа бунтовници, луѓе, ниеден полицаец немаше да се врати жив од Гостивар. Тоа е точно. Тоа беа мирни луѓе граѓани, се збунија малку што да правиме. Првиот човек за кого се дадени 12.500 гласа кој го сака цел Гостивар, цела Македонија Албанците и Македонците и цел свет до Аљаска каде бев пред три четири месеци, сега ќе се осуди тука па Руфи Османи неспособен човек треба да даде оставка. И кој ќе каже, Исмет Рамадани. Па, Исмете, па најмалку десет пати од тебе и од мене е поспособен Руфи Османи. Тој тука беше две години, па не можеше ни ти ни некој други, па немој така. Народот вели вака ако го мразиш некого убиј го Тука но немој за инат.

Па тоа го знаете и вие, го сакате и го цените него, се случи како што се случи тоа. И сега што? Човекот кој што го сака цел тој народ треба сега да се исклучи. Значи тоа е наместено. Сите знаете дека тоа што се осуди, јас шест дена присуствував на судењето во Гостивар и во Скопје еден ден, значи сум од а до ш информиран односно сум ја следел таа постапка со сите судски пресуди. Седум дена. Да имаше вина не би отишол веќе вториот ден кај него. Јас сум пратеник тој го правеше законот и нека сноси одговорност нека оди во затвор. Меѓутоа, што? Тоа е убаво наместено и дури се зачудив кога беше осуден на 13 години и 8 месеци на едно скандалозно судење во Основниот суд во Гостивар, меѓутоа, судот да ви кажам јас како пратеник можеби тоа ќе ве интересира, Апелациониот суд во Скопје беше суперкоректен, дури кога влеговме ние пратениците од мојата парламентарна група ДПА, толку

фер, да имаше шанси да го ослободи или на повторно судење камо што стана во Тетово. Меѓутоа се зачудив доста под притисок, па вие сте го осудиле зошто, тоа ќе го откријам. Една мала тајна. И тоа знае Руфи можеби ќе се осуди 7 години во Основниот суд, само да се изолира тој човек да не дојде повторно наесен во Парламентот. Па дури имате и такво сценарио да не дојде и после четири години, најмалку двапати. Тој е млад човек, малку ќе се обесхрабри и отиде од политичка сцена.

Руфи Османи и треба на оваа држава и на оваа Македонија. Таков кадар веќе не се раѓа. Не сум се согласил, јас бев две години со него но заради вистината е неизменлив. Руфи Османи тешко се раѓа. Кадар ни треба. Не. Јас сум рекол што треба тој да биде тука. Да не го повторувам тоа. Дури до претседател на Влада.

Да не должам извештајот ниту заслужува да се занимаваме да не ги потценувам луѓето еден член од таа комисија, ако треба и ќе го спомнам па толку е способен, па толку е стручњак, и кога сака тој може ретко кој тука да направи чудо во Парламентот. Имаше амандмани во една прилика, за жал не се прифатија моите амандмани, не бев тука во салата би го поддржал, дури. Значи ја дисквалифицирате својата партија, своите колеги не знам, сигурно не учествував во составувањето што е тоа, тоа е за жалење. Да неречам дете од основно училиште туку мојот син матурант во Гимназијата и на албански и на германски па и на англиски би напишал подобар извештај. Тоа нема смисла, тоа е несериозна работа, не само што е краток, тој може да е краток во тези, во вид на научни книги, начелни работи, поглавја, но од тоа нема ништо.

Што да почнам сега да го анализирам повторно јас. Значи, се е невистинито, се е површно и во овој извештај нема ништо.

Предлагам, место овој извештај или да се замени или бара да се приложи со стенографските белешки или во извештајот научниот говор од научно- политичка страна со аргументи дискусијата на господинот Наџи Пурде и тој треба да биде не само член туку и претседател на Комисијата. Тој беше токму тој ден во Гостивар пред масата и пред полицијата. Па и со претставници на општината Гостивар и со Руфи Османи и со -полицијата во Собранието. И потоа зошто веќе требаше да види тој зошто ние не бевме во Комисијата. Па ние сме сериозни луѓе. Па во која комисија? Во Комисијата во која по втор пат ќе бидеш мајоризиран, надгласан, а требаше да биде во Комисијата од мојата партија затоа што случајот со нас беше поврзан. Само да се четири членови во таа комисија, па три од било која партија. А ние еден двајца членови, а вие 5, па за да трчаме ние и да ви даваме информации затоа што ние одиме до луѓето и ако одиме по куќи ако треба е тој фил нема да го гледате. Нешто не чини. И да не прашувате зошто ние не се согласивме. Не сме толку луди. Беше предлог еден член, се повлече и тој, ние не се согласивме, па и тој се повлече, па и третиот. Немојте, така не оди. Што треба, преку нашата партија, преку нашиот претставник требаше убиствата, на злочинот да му се даде легитимитет. А извештајот и оваа ваша комисија ја има таа цел да се легитимира убиствата, агресивноста во Гостивар. Значи била законска, уставна има само малку пречекорувања• Колку е тоа смешно, немојте така.

Значи ова треба да се отфрли како табулараза, како една бела хартија да не кажам за каде, овој извештај нема ништо. Се знае, како што рече еден само малку погрешно треба да се каже кадија те тужи кадија

те суди. Значи, иста партија, исти членови иста власт донесува Закон, бира Уставен суд, донесуваат одлуки донесуваат наредби и сега уште Анкетна комисија, па да види што направила, какви се тие резултати на терен. Тоа е смешно.

Исто така е смешно овие комисии кои што се надлежни не направија ништо. Затоа ве молам ова треба да се исфрли како да не постои. Земете само еден пример. Во Весникот Флака е влазеримит од 24 март наслов "СИМЛИФИКУВАЊЕ НА СЛУЧКИТЕ ВО ГОСТИВАР". И сега во врска со извештајот на Анкетната комисија на Собранието на РМ. Па, под наслов и"време" па формулата и основањето на Комисијата, па позицијата на Комисијата, па составот на Комисијата. И доле доктор Маири Сели, Гостивар.

И овој текст кој анализира, да не навлегувам јас конкретно во тоа го прифаќам како свој, исто така имате во Парламентот преведувал на албански јазик, да се преведе и заедно со дискусијата на г-динот Наџи Пурде да биде составен дел или единствен материјал за овој случај за настаните во Гостивар. И, така да се расветли овој проблем, да е начисто и да даде Господ да не се случи Гостивар или нешто така слично.

Инаку, да бевме ние повикани во Гостивар ќе беше друга работа. Да му беше дадена можност на Руфи Османи да беше со народот ќе беше друг случај. Каков? Ќе ви кажам. Или двајцата, или тој сам или само јас или двајцата народот ќе не сполушаше 100%, а ако беше од Македонија и полицијата, ако не, тоа е друга работа. Ако не, во Гостивар ќе имавме за жал терор, а можеби што не сака никој и војна. Тоа да ви е јасно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Има збор г-дин Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани министри,

Тешка беше задачата на Комисијата да ја сработи работата бидејќи во моментот во кој се донесе и одлуката од Собранието, а и од распоредот на силите кој го имавме во Комисијата требаше да се постигне основната цел, а тоа е заштита на уставниот поредок, и правната држава над политичките интереси и политичките збирни интереси недефинирани, преку Уставот на РМ и законите кои се недефинирани вредности кои во суштина го рушат правниот поредок од една страна, а од друга страна посакуваме се помалку да имаме политичари со Икаров лет кој летна во Сонцето и изгореа.

Јас сакам да кажам уште на почетокот од градењето на методот на работата на Комисијата таа тргна од два основни постулати, а тоа е: дека Комисијата не делуваше по Хелзеновата теорија по сопствено убедување и по сопствена совест надвор од правниот поредок во земјата, туку согласно на член 76 и член 68 претпоследниот став каде му се дадени ингеренциите на анкетните комисии своите наоди и мислења да ги каже пред Собранието, а тие да се основа за поведување на одговорност за носители на јавни функции во врска со извршувањето на тие функции за заштита на правниот поредок и примената на правото кое го имаме во РМ, тоа беше основниот постулат од кои тргна Комисијата. Никако не се впушти да го руши тој дел од правниот систем или да

изгради мислење, јас би рекол од другиот аспект, а тоа е дека треба да се дефинира праведноста по сопствените емоции за видување на одредени работи од една страна, а од друга страна пак таа праведност да биде приватниот хир кој ќе значи створање на секундарно право во РМ и рушење на правниот поредок.

Од тука Комисијата се определи да ја сработи работата согласно на уставните заложби што и ги дава Уставот на Комисијата и претпочитајќи ја уставната одредба и деловничката работа на Собранието и комисиите, му го даде тој заклучок.

Евидентно е оптирањето на политичките партии и говорници во обидувањето како комисијата го има работено случајот. Беа два основни методи како комисијата требаше да го даде тој извештај.

Прво, комисијата се впушти на собирање на материјалите односно на материјално собирање на сите факти и аргументи, распитувајќи ги сите релевантни докази кои стоеја на располагање и врз основа на тој собир, ценејќи ги сите тие релевантни докази секој посебно и сите заедно во една логична целина да направи вистинска фактичка состојба, да утврди вистинска фактичка состојба и на таа фактичка состојба правилно да го примени материјалното право изразувајќи го по својот наод и мислење кое еве и денеска го предложи.

Основното значење на одлуката или наодот и мислењето на комисијата е дефакто да се постигне во РМ легитимирање на правниот поредок, а тоа значи дека правниот поредок во РМ е како темел на вредност на секој народ кој ја гради сопствената држава, да ги почитува

сопствените закони кои Ги донесува. Тоа е основната темелна вредност, за почитување на поредокот кој сам го твори, преку своите избрани пратеници, преку својата извршна власт и преку сите институции на системот, кој еве ние го утврдивме со Уставот на РМ од една страна, а пак од друга страна легитимирањето на правниот поредок не значи дека граѓаните во РМ треба да го почитуваат правниот поредок од страв од полицијата, од насилната примена на правните одредби или насилната примена на силата на државата која ја има како инструмент за заштита на тој правен поредок затоа што од една страна државата го присилува народот на кој му припаѓа таа држава, станува ненародна држава или ненародна власт и почесто ќе се наоѓа да се судрува таа власт во народот. Секој проблем е проблем на мерка и во мерењето на тој проблем секогаш треба да се тргнува од следниот постулат: дека за создавање на држава и правна држава секогаш треба да постои релативно стабилна политичка структура. Да се измерат сите основни постулати во градењето на правната држава. И од тука, комисијата, мислам дека, мислам дека правилно застана кога својот наод и мислење го кажа врз основа на сите податоци и факти кои ги имаше за да може и релевантно да состави свој извештај.

Ние направивме повеќе извештаи што е факт и основната расправа не беше во аргументацијата или во утврдувањето на фактичката состојба или пак во утврдувањето на примената на наодот и мислењето кое ќе го најде согласно на Уставот. Туку прашањето беше дали Комисијата се впушти стручно, согласно на Уставот и законските определби, посебно цитирам член по член и направи право фактичка

состојба во тој извештај, да ги каже сите аргументи посебно и заедно, за да се дојде до една логична целина од една страна. Не само нашиот правен поредок туку и меѓународниот поредок почнувајќи од сите конвенции кои дефакто важат во РМ како дел од нашиот правен поредок, и на нашиот правен систем, да ги цитира посебно член по член и да направи посебна аргументација и на основа на тие две партии судрувајќи ги заедно да го каже својот наод и мислење кои не треба за Собранието да значи конечен акт, туку само предлог на кој Собранието релевантно ќе дискутира и врз основа на таа расправа утврди соодветни наоди и мерки кои треба согласно на членот 76 од Уставот на РМ да значат и наод и мислеше на Собранието за поведуваше на соодветни постапки.

Судрувајќи ги двата аргументи комисијата се сложи извештајот на комисијата да биде практичен, да биде за секој пратеник разбирлив, неоптоварувајќи го посебно секој член по член и неправејќи дефакто материјална примена на правото на та утврдена фактичка состојба и врз основа на таа општа или употребена тотал техника на тоа да биде јасен, прецизен, неидеолошки текст кој дефакто заклучоците или предлог на мерките ќе бидат јасни за Собранието и кој дефакто ќе отворат една мериторна расправа за да можат пратениците да ги кажат и своите видувања и Собранието на крај со мнозинство на гласање да заклучи.

Мора да се каже дека расправиите и дискусиите каде одат да се измести местото на вршењето на ингеренциите на органите во институциите на системот кој му се дадени согласност Уставот и законите и со таквата дискусија да се суди од таа говорница или познато по америчкиот принцип било судење од говорница, или судење од

погрешно место на институциите каде што треба мериторно да судат, ние ќе дојдеме до една погрешна констатација и на крај ќе дојдеме да го срушиме правниот поредок во РМ од една страна, а од друга страна преку таквиот начин на судење во РМ ќе створиме да имаме асиметрично важење на законите односно секој дел од територијата на политичките моќници каде ќе можат да донесуваат било какви нормативни акти така да ги уредуваат прашањата.

Господо, тогаш кај нас законите нема да бидат општи правни правила кои треба да регулираат неодреден број на случаеви со исти и битни обележја туку само ќе бидат инструмент на остварување на даден интерес на соодветни политичари кои во моментот се наоѓаат на тие места.

Јас тие политичари, пак би се осврнал дека тоа се политичари со икароплет, научија да летаат, летнаа и изгореа во Сонцето. И, толку , сакам да ја завршам таа работа.

Уставниот суд донесе одлука да го укине членот 140 а тоа значи дека одлуките согласно на Уставот се конечни и извршни. Одлуките на Уставниот суд се конечни и извршни и ниеден орган во РМ не може даги промени ниту да ги толкува, туку само треба да ги изврши.

И поаѓајќи од тој факт на Уставот кај што се определивме на таа постапка бидејќи во светот се познати на уставното уредување две постапки, кај нас за жал, ние ја прифативме континенталната постапка, дека после по донесувањето на законот се цени уставноста и законитоста на секој акт кој го донесува Собранието, а не како во

Англосаксонскиот модел каде уставноста и законитоста се решава како прејудициелно прашање пред да се донесе соодветен законски проект што во РМ и тоа треба да биде еден предмет на расправа заради практичноста во градењето на правниот поредок во РМ и заради разрешување на многу случаи кои еве ни се случуваат во врска со донесувањето на таквите законски проекти и подзаконски акти мислам дека не примерно е кога ние од таа говорница му судиме на Уставниот суд дали Уставниот суд донел одлука согласно на Уставот и законите и недовербата во вршењето на институциите на системот повторно ќе не вратат на тоа било фатендар судеше, надвор од институциите на системот или судење на места каде што не му е местото да се пресуди.

**ТУШЕ ГОШЕВ**: (Продолжение)

Поаѓајќи и согласно член 7 од Законот за внатрешни работи, согласно тие ингеренции Министерството си ги има извршено своите функции, продолжувајќи на членот 35, продолжувајќи на Кривичниот законик на Законот за кривична постапка, продолжувајќи на Законот за јавни собири и продолжувајќи на сите позитивни законски проекти кои ги имаме во Република Македонија, Комисијата никаде не најде материјална повреда на тие законски оперативни преземени мерки на Министерството за внатрешни работи од една страна, а од друга страна мораме објективно да кажеме дека подзаконските акти согласно на Законот за кривична постапка не беа усогласени на Министерството за внатрешни работи. Сега во последно време во "Службен весник" го видов тој правилник, видов дека и тој акт е донесен и усогласен со согласно Уставот на Република Македонија и Кривичниот закон кој го има.

Поаѓајќи од меѓународните документи, за кои и тука стана збор, а тоа се неколку документи кои се познати и прифатени од Република Македонија а тоа се Основните принципи за употреба на физичка сила и огнено оружје од страна на овластено лице, донесена е 1979 година и по тие принципи 5, 9, 13 и 14 кои се однесуваат на употреба на огнено оружје и материјална сила, продолжувајќи на Европската декларација за полиција донесена на 17 мај 1979 година од Советот на Европа, со резолуција бр. 690, особено членовите 1, 3, 5, 9, 10, 11, 12 и 13, кои се однесуваат на полицијата, надлежности забрана и мачење и однесување спротивно на повредите на законите хиерархиска одговорност, законски побарувања во однос на штетите, пропорционалност во однос на употреба на сила и употреба на огнено оружје тоа се меѓународни документи кои се имплементирани во нашите процесни закони. Понатаму, конвенцијата против мачењето и други хумани, свирепи или понижувачки казнени постапки од 10 декември 1984 година особено членовите 1, 2, 3, 5, 6 и 7, од кодексот односно лица одговорни за примена на законот, почитување на човечкото достоинство и заштита на основните права на секој поединец со употреба на сила, мачење, свирепо и нехумана понижувачка постапка, медицинска нега и корупција и членовите 1,15 и 17 од конвенцијата кои се однесуваат на мачењето, изјавата докажување и Комитетот против мачењето. Тоа се сите

меѓународни документи кои еве денес ги познава документарниот свет, демократскиот свет кои еве и во нашите закони се имплементирани.

Оттука објективно Комисијата, ценејќи ги сите факти посебно и сите заедно во таа постапка и во тие закони во Република Македонија, кои се на правна сила, оцени и ги поднесе заклучоците кои еве ви се дадени на расправа. Инаку, формалното играње на зборови, правење конструкција за одредена реченица во суштина го решаваат еднострано проблемот и во суштина мериторно никогаш нема да донесат релевантна одлука. Мислиме дека Комисијата правилно го оцени тоа и утврди дека Министерството за внатрешни работи поединечно го има прекршено и согласно на тие други четири заклучоци сметаме дека во иднина во Република Македонија се надеваме ќе нема такви случаи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Има збор г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници,

На почетокот да го истакнам своето задоволство кое одреден број дискутанти го искажаа во смисла, колку што јас се сеќавам за прв пат една комисија ја завршува својата работа со поднесување извештај. Иако не може да се каже дека извештајот во целина ги оправдува нашите очекувања, сепак, убеден сум дека со едно внимателно читање може да се извлечат соодветни заклучоци кои укажуваат на тоа дека претседателот на Комисијата и другиот член од Партијата за демократски просперитет г-динот Газменд Ајдарага беа исправени пред идејата да се откажат од постигнување консензус со другите колеги или да истраат на своите ставови и да не ја завршат својата работа. Сепак, мислам дека во согласност со однесувањето на нашата партија, со прагматичноста тие заседоа став кој се оправдува со поднесувањето на извештајот, кои во натамошниот тек ќе се обидам да го читам на мој начин и да го оправдам на одреден начин.

Инаку, за критиките кои се упатуваат на нас како партија која учествува во коалицијата и пратеници кои учествуваа во работата на Комисијата, од нашите колеги кои сметам дека во секој случај неодговорно се однесоа овој пат во однос на работата на оваа комисија и наместо да земат дел од својата одговорност да учествуваат во работата на Комисијата и да се обидат, ако ништо друго да влијаат во изготвувањето на извештајот, тие го избираат полесниот пат, да го чекаат извештајот и да го нападнат и целата работа да заврши со тоа се во стилот "Караванот врви, кучињата лајат".

Ние се обидуваме со овој извештај, повторувам уште еднаш, и јас ќе искажам одредени забелешки за тоа што не чини во овој извештај, но убеден сум во секој случај дека Извештајот сепак треба да се поздрави.

Кога веќе говориме за одговорноста, која во прв ред според мое лично мислење е на полицијата, која искористувајќи една ситуација која беше создадена во Гостивар, испланира и изведе една акција, сепак не може а да не кажеме, за да бидеме објективни, за да имаме храброст на вистината да и погледнеме во очи дека и една партија, и пратеници од таа партија се одговорно, ако ништо друго заради тоа што немаа храброст на нивниот колега, на нивниот другар, на господинот Руфи Османи како другари да му укажат дека тоа штос е случува таму може да биде искористено од страна на полицијата која не еднаш е докажана во оваа држава како страна која знае да манипулира со тие случаи. И во овој случај, се случи тоа што никогаш не би требало да се случи, односно тие по принципот како што велат "летај со паметот", го оставија човекот а од друга страна барем гледајќи што се случува на теренот, имавме разговори и со членови на партијата ДПА дела сепак Руфи Османи е непослушен и дека до крај не ги почитува сугестиите и укажувањата во однос на тоа како треба да се делува. За жал, изгледа пак тука се немало храброст од одредени членови кои биле блиски со него, да му се помогне, да му се укаже дека некој работи треба да се одвиваат можеби малку поинаку за да се избегнат овие замки во кои ние упаѓаме многу често. За да го поткрепам сето ова што го кажав до сега дека другарите навистина се многу потребни и во политиката да ти укажат, да ти помогнат, да ти сугерираат одредени постапки, ќе се потсетам на 1992 година кога во Скопје не еднаш ние неколку пати имавме такви немили настани, кога масата се собра пред полицијата на Бит Пазар и кога и јас

заедно со нив од таму тргнавме пред Собранието да протестираме. Побаравме разговор и се во тој стил и на крајот, веројатно понесен од настаните, јас тогаш кажав една многу тешка изјава. Имено, и јас тогаш кажав од прилика, затоа што сигурно нема да можам да се сетам што во детали беше, дека доколку полицијата и понатаму продолжи да ги малтретира луѓето на Бит Пазар и ние ќе возвратиме со иста мерка. Тогаш, доколку моите сопартијци и колеги ме потапшаа по рамото и ми кажаа алал да ти е, така треба, сигурно, кој знае кај ќе завршев и јас. Но, за среќа, имав другари, и тоа другари и добри сопартијци кои знаеја да ми обрнат внимание дека во секој случај, доколку имаме намера такво нешто да направиме, не треба многу да зборуваме. Со ова сакам да кажам дека никој не може да се амнестира од својот дел на одговорноста. Што се однесува до самиот Извештај, иако Извештајот е краток сметам дека конечниот исход би требало да биде крупен. Имено, самата констатација дека имало пречекорувања на овластувањата од поединци и групи при самата реализација и при приведувањето односно барањето за утврдување на одговорноста во рамките на Министерството за внатрешни работи, а особено во случаите на неовластено влегување во домовите, како и самиот факт дека Комисијата констатирала дека во случајот во Гостивар едно лице од претепување починало, зборува за тоа дека се прекршени, во прв ред сметам дека ова е еден дел кој недостасува во овој Извештај голем број на меѓународни конвенции, меѓу другото и тоа што не се спомнува овде, Европската конвенција за човекови права, посебно членот 3 и 8 за нечовечко односно понижувачко постапување или кажување и почитување на приватниот, семејниот живот, домот и сето тоа што е поврзано. Како и во однос Декларацијата, требало да се констатира дека сепак во однос на оваа Декларација не е почитуван особено членот 12 кој што упатува на пропорционално користење на силата во соодност со опасноста што ја претставува за јавниот ред и мир. Сметам дека во одредени случаи јавно и евидентно е дека има пречекорување на овластувањата и на силата односно непропорционална употреба на силата кога веќе немало ниту отпор ниту нешто се случувало.

Имајќи го предвид ова односно фактот дека Република Македонија е потписник на сите овие Декларации и фактот дека поради ваквите постапки на полицијата е нарушен угледот на институциите на државата, сметам дека е неопходно министерот за внатрешни работи, ако ништо друго од морални причини, да поднесе оставка, токму поради тоа што го кажа и г-динот Туше Гошев поради таа хиерархиска поставеност, поради таа несомнена одговорност и на министерот за внатрешни работи заради тоа што се случуваше. Во овој случај, никако не може да се амнестира и министерот за внатрешни работи, иако може да се оправда дека немал сознанија за тоа што се случува, што по смените кои се случија во Министерството за внатрешни работи се изгледа и таа насока по која ќе се движи и се разбира дека во една држава, која претендира да владее правото и демократијата, сепак, министерот за внатрешни работи од морални причини, ако ништо друго да поднесе оставка.

На крајот би сакал да укажам на потребата во овој случај да се вклучат и органите на јавниот прогон и да ги констатираат лицата кои се вршители на делата кои ги констатира комисијата, се со цел да се задоволи колку што е можно правдината.

Во однос на заклучоците кои се предлагаат од страна на пратениците од Демократската партија на Албанците, сметам дека би било добро да се направи едно исправање на грешката. Не знам дали тоа е намерно или е испуштено, не гледам причина само за Руфи Османи и Рефик Даути да се побара помилување, кога во однос на овие случувања со знамињата, колку што се сеќавам јас само во Гостивар уште 3 други се исто така казнети за поседување оружје и не знам што, а исто так и во голем број други општини луѓето се исправени пред казнување во однос на истиот закон.

Упатувам апел до државата за да покаже, доколку смета дека има таква сила, да ги аболира сите овие луѓе и на тој начин да придонесе да се надминат тензиите.

На крајот би сакал да одговорам на некои обвинувања, кои беа направени тука на наша адреса.

Прво, сметам дека треба сериозно да се прочита извештајот и тоа што е констатирано во однос на пречекорувањата во однос на

неовластените постапки на полицијата да се прифати како една голема работа што е направена од страна на Комисијата, за тоа што навистина им се восхитувам на членовите на комисијата од нашата партија кои најдоа начин да ги вметнат тие работи и на одреден начин да ја завршат оваа работа со Комисијата. Некој може да мисли дека тоа не е ништо, но според мене сепак тоа е голема работа, самата констатација дека е постигнато тоа покажува дека тие знаеле како да ја завршат својата работа и упатувам апел до сите да го поддржат овој извештај затоа што од овој извештај не можеме да очекуваме да се влезе во детали. Сега откако ќе се усвои извештајот се отвораат работите за сите тие органи и институции во државата кои треба да работат на реализација на овие заклучоци.

Што се однесува до тоа дека работата на Комисијата требало да се концентрира на партиите во коалицијата кои најверојатно се цени дека се единствените виновни, сметам дека доколку 6и се постапило на тој начин во најмала рака требало да се позанимаваат и со другата партија која исто така во најмала рака, еден нејзин член кој вербално многу го поддржува го оставија на цедило.

Кога сме веќе кај г-динот Руфи Османи кого сите го величаат сите го сакаат, сите се околу него (еден од пратениците од место ги искажа зборовите "само вие не го сакате", на што претседателот реагираше со зборовите "немојте од место") да, само ние не го сакаме изгледа дека само одреден број на луѓе го сакаат, но од тоа премногу сакање изгледа ќе го изгорите човекот. Затоа, јас мислам дека треба и да му се помогне, а не само да се сака, затоа што сакањето преголемо во некои случаи е проблематично. Не треба секогаш да се сака некој без да му се укажува на грешките што ги прави во од.

Во однос на судот кој што изгледа бил суперкоректен, јас не знам каква е таа коректност. За мене лично тој суд е уште полош од тој во Гостивар, затоа што најверојатно судот во Гостивар тргнувајќи од претпоставката дека во судот во Скопје ќе се намали казната тоа што го направи.

**МЕВЉАН ТАИРИ:** (продолжение)

Најверојатно судот во Гостивар тргнувајќи од претпоставката дека во судот во Скопје ќе ја намали казната, направи тоа што го направи. И додека сите очекуваа од судот во Скопје дека ќе го врати случајот назад, дека на одреден начин можеби ќе упати и критика до судот во Гостивар. Сега ние тука слушаме дека судот во Скопје бил суперкоректен, дека многу добро се однесуваат и на крајот ти одмеруваат соодветна казна. Мислам дека ова не заслужува некој коментар, туку само како еден пример на непостојаност во ставовите кои што се презентираат.

И на крајот само да го кажам и ова кое што е жалосно некој да тврди дека со тоа што некој учествувал во работата на Комисијата ја легитимира постапката, односно се оправдуваат убиствата како што беше кажано уште поточно. Мислам дека тоа е една морбидна помисла. Токму спротивното се случува, токму со тоа што се учествуваше во изготвувањето на овој Извештај токму со тоа што се изготви ваков Извештај мислам дека во секој случај се отвораат можности за одреден број на активности и тоа не само внатре. Јас се надевам дека луѓето кои што се засегнати од целата оваа работа доколку не бидат задоволни со постапките на органите внатре во РМ имајќи го во предвид и овој извештај кој констатира одредени дејствија кои што се недозволени од страна на полицијата ќе бидат доволен аргумент заедно со евидентно констатираните пречекорувања, малтретирања, понижувања на луѓето да бидат доволен аргумент случајот на Гостивар да стигне и пред европските институции. Но, за ова нешто не е потребно само да зборуваме тука, потребно е и да се дејствува, а дејствувањето се знае како е. Откако ќе се надминат сите институции на системот внатре да се тргне надвор и да се бара правдата и од таму.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

Сакале или не сакаме очигледно дека Извештајот на анкетната Комисија мора да се набљудува во три насоки, пред 9-то јулските настани, самите 9-то јулски настани и пост 9-то јулските настани во Гостивар и Тетово. Договорот постигнат тука во овој Парламент дека има потреба од формираше на анкетна комисија со многу натегања, многу одбегнувања на ризикот да се биде член на таа Комисија, сепак таа Комисија ја формиравме однапред знаејќи дека од Извештајот на комисијата не ќе биде никој задоволен иако најголемиот број од нас како пратеници ќе го прифатиме. Сите ние знаевме дека да се биде член на оваа Комисија е една многу одговорна задача и мои честитки пред се за храброста на оние колеги кои што прифатија да бидат членови на оваа Комисија без оглед на се она што ние денеска го дискутираме и веројатно ќе го анализираме и подоцна. Причините да за прв пат една Анкетна комисија дава и даде извештај за едни исто така настани кои што одбележуваат еден период од оваа наша понова историја однапред беа тежина и хипотека дека овие колеги ќе имаат и многу одговорна и многу специфична и во секој случај задача која што можеби самите не веруваа во почетокот дека ќе финишира со нивно заедничко би го рекол усогласуваше на погледи, ставови, мерења, премерувања на се она што нив им беше достапно. Во таа насока мислам дека ние мораме да им ододеме признание на нашите колеги. Верувам дека тоа денеска и провејува тука без оглед на многу малку ставови кои што екстремно отскокнуваат од она што беше целта и задачите на оваа Анкетна комисија. Целта и задачата беше да преку евентуално дефинирање, или изнаоѓање на пречекорувања практично да извлечеме сите една поука, едно наравоучение на кое што заеднички именител би било дека ќе биде

најдобро такви настани да не ни се повторат. Затоа што ниту една комисија, ниту еден орган ќе може да ги санира штетите и последиците помеѓу меѓуетничките односи и воопшто по стабилноста на оваа држава. Изгледа дека од сето ова Комисијата барем засега ќе добие највисока преодна оценка, а многу колеги веројатно не ќе можат таа оценка да ја заслужат поради својата еднострaност, пристрасност па дури и циничност во смисол ништо не е направено, а ние не сакаме да учествуваме и да бидеме актери на нешто што однапред ќе претрпи одредени критики. И добро да е така, да имаме критичен став, но не критизерски, да имаме минимум објективност за да процениме дел од она што сите ние го следевме со внимание особено оние кои што живееме на тие простори за да никогаш не се повтори. Деветти јули во Тетово и Гостивар дали ќе се случеше на 9-ти јули, дали во тие градови , дали подоцна, дали во таа форма и со тој интензитет беше работа која што лебдеше во воздух и која што секој во оваа држава ја предвидуваше. Ако некој мислел поинаку, или не сакал да се соочи со вистината, или едноставно не му е место во политиката. Во еден подолг период да се тестира издржливоста на државата, да се тестираат институциите на системот, да се провоцираат сите тие институции со груби навреди и до претседател на Уставен суд со крајно иритирање на непочитување на симболите на државата, со исвиркување на јазик што е службен јазик во оваа држава и мајчин јазик за најголемиот број на граѓани со понижување на симболот на државата знамето, химната и други атрибути на една држава, се знаеше дека не ќе може да доведе до добро. Многуте наши тука изјави , соопштенија, дури трагични повици за разум и да сфатиме дека живееме во една заедничка држава како да стимулираа уште поекстремно и попровокативно однесување на многу субјекти во оваа дражва. Несреќната територијална поделба изгледа ја стави капката што ја прели чашата дека што би рекле спортистите за жал, сега му е мајката,

сега веќе е освоена една територија во која што ќе може да се работи кој како сака во која што веќе централната власт државата нема да се чувствуваат поради други правила на игра, не поради закон за локална самоуправа, поради самопрогласени правила на игра, поради преземање на ингеренции кои што немаат никаква врска со закон за локална самоуправа и територијална поделба. Тоа што се направи требаше да се очекува , маратонските избори за да се дојде до една поповолна позиција кои за среќа завршија без некои потрагични последици само претставуваа едно прво полувреме за да се очекува она што носи второто полувреме и завршеток на натпреварот. Буквално се сфати дека е тоа натпревар, дека сега веќе таму нема да се почитува ни Уставен суд ни Врховен суд, ни Апелациониот суд ни овој Парламент, затоа што ако ние се сеќаваме максималистички ставови и барања од типот на она : нема сила што може тоа да го попречи, ако треба ние тоа ќе го браниме со крв, ако треба ние ќе поставиме бедем на живи луѓе. Чиј бедем? Сопствен не, сигурно од други некои со кои што успешно манипулира некој за да ни дојде тоа што дојде. Во еден подолг временски период се навестува таму дека е некоја друга територија, дека тие градови не се македонски, дека Тетово е албански град, испробувањето на сценаријата со наводни труења оставаа лузни дами и господо оставаа траги и укажуваа дека сепак еднаш ќе мора да се стави крај на она што се вели дека има црвена линија на однесувањето на секого. Сето тоа беа подготовки, сето тоа беше заземање поволни позиции во оној момент кога нормално беше да се очекува дека конечно правната држава ќе профункционира на целата своја територија, вклучувајќи го и Гостивар и Тетово. И сега одеднаш тешки зборови на репресија на немање чувство на толеранција, на не сакање на договор и сл.

Мислам дека сето тоа се флагрантни невистини, затоа што да се навратиме на финишот Уставниот суд донесе одлука на 11 јуни и имаше интензивни контакти со тие челни луѓе да се вразумат и да ја почитуваат Одлуката, затоа што таа е конечна и извршна и дека после тоа нормално престои спроведување на таа Одлука, а се знае кој ја спроведува таа одлука. Ако не можеме ние со политички средства, ако не може со договор, ако не може со разбирање настапува она за што ние денеска тука расправаме орган познат во сите земји кога ќе се исцрпат сите демократски и други методи, орган познат како полиција. Секаде и кога тој ќе стапи на сцена веќе практично многу тешко може да се одмерува што во сето тоа е дозволено, што не е, кој е критериум и мерило за однос на сили , многу релативни одредби и во подзаконски и во законски акти, затоа што ако еден дел е ненаоружан, ако полицијата нема панцири, а од другата страна имате вие, спремен е некој да употреби и клашников и молотови коктели, пиштоли и друго прашање е колкав е и каков е тој однос на сили. Верувам дека некои намерно дозволија да практично овој сукоб ескалира. Јас ќе нагласам отидоа сигурно невини жртви, жртвите се невини затоа што тие жртви некој ги доведе да демонстрираат, да организираат бунт, тоа е организиран бунт , не е тоа јавен собир, не може да биде јавен собир со такво сценарио, со таква негативна енергија и набој и се разбира наоружани луѓе. Ќе можев да прифатам дел од дискусиите ако конфликтот беше во првите претпладневни часови во услови на да речеме неорганизираност, несериозно прифаќање на она што значи опомени упатени до таа толпа на луѓе, меѓутоа конфликтот да ескалира и во 15,00 часот да го достигне својот максимум значи дека некој воопшто не помислувал да отстапи од она што било претходно сценарио и режија. Верувам дека во тие долги часови како години полицијата сигурно ја обавувала својата функција да укаже, да опомене, верувам и не сум согласен дури и да погрешам дека имало полицајци

Албанци кои што контактирале со луѓето, верувам дека контактирале луѓе во цивили, верувам, затоа што тоа се нормални состојби на една комуникација кога сака да се одбегне конфликт, но сигурно дека сето тоа не можело да вроди со успех. Се случи што се случи, меѓутоа загрижува нешто друго. Загрижува што најголемиот број ан дискутанти се задржуваат на пречекорувања на овластувања. Сигурно дека ги има и затоа добар е еден од заклучоците дека практично Комисијата не ја завршува својата работа, со ова веројатно ќе има можности за понатамошно доградуваше на овој материјал, меѓутоа загрижува што многу ретко некој го спомена петтиот заклучок на оваа Комисија кој што вели: Комисијата укажува на доследно почитување на Законот за јавни собири и другите прописи од оваа сфера од страна на граѓаните и организаторите на масовни собири заради изразување на мирни протести и незадоволство од определени општествени состојби и појави итн. И што се случува сега? После еден ваков конфликт тежок со трагични последици после едно времено затишје имаме повторно јавни собири во Тетово, Скопје и Дебар со повторување на истите провокативни настапи, потполно исти, газење на македонското знаме, исвиркување на македонскиот јазик и сега со нови елементи на сценографија, исвиркување на јазик и веќе карта на голема Албанија. Каде е сега пораката на овој заклучок од оваа Комисија, каде се ставовите на декларацијата што ние точно пред една година на 18 март ја донесовме тука во ова Собрание за меѓусебно разбирање, толеранција, непредизвикување на омраза, ненавредување на чувствата на оној другиот, во овој случај и на она што значат државни симболи и слично веќе имаме дури и зголемување на интензитетот и за жал сето тоа се случува покрај нас тука на стотина метри од овој Парламент на плоштад од кој што симболизира име на држава плоштад "Македонија". И без да трепнеме дека сносиме одговорност знаејќи дека ќе најдеме некоја жртва која што ќе биде одговорна за овие собири, за оваа

сценографија а ние потоа повторно да изиграме големи политичари дека не сме ги приметиле тие поместувања во масата , тоа распоредување , згодно распоредување и се она што делуваше многу дегутантно и невкусно во образложенијата на многу наши колеги. Што понатаму? Дали заплашувањата изнесени од оваа говорница дека во Гостивар полицијата можеше да биде, да парафразира, дури слистена и тогаш ќе бевме позадоволни кога државата практично ќе беше срамнета со земја , поразена, дали тоа не ќе значеше и пораз на оваа држава, на нејзините институции. И впрочем зошто ни е полиција која што на крајот на краиштата ја финансираме сите ние ако не може во такви случаи и моменти да се снајде и да биде на висина и самата несакајќи на една неблагодарна и непријатна работа. Ние тука апелиравме многу често, станавме веќе и достапни. Огромни количества на оружје, огромни стогови доаѓаат најчесто во рацете на едни граѓани и се прашуваме, јавно прашувам за која намена и за кои цели офанзивно оружје, сигурно не е за лична употреба, сигурно не е за лична одбрана. Сите ние воопшто не сакаме да се соочиме со таа вистина затоа што тоа оружје утре во рацете на некој заблуден, на некој индоктриниран, на некој поведен од луѓе како што слушаме денеска тука со право се знае дека сето тоа може да доведе до уште потрагични последици. Моите критички забелешки на целите овие настани во основа треба да се упатат на ненавременото функционирање на правната држава, ненавремените превземени интервенции на сите институции на државата, вклучувајќи ја и полицијата многу порано, затоа што сето тоа ќе беше многу побезболно. Зарем малку ни беа тие случаи на масовно собирање со сето она веќе видено. Што требаше да очекуваме повеќе и во која фаза кога веќе се закануваше да одлуки на овој Парламент, закони и на Уставниот суд се разбира веќе некој дури не дека мислеше да ги спроведува, не дека мислеше дека ќе ги почитува, дури се поигруваше со нив, се поигруваше со она што значи највисок судски орган.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

И после сето тоа мислам дека дискусиите од типот дека треба да амнестираме поради ова и ова се^ само политички маркетинг за да не се остане позади. Сметам дека не треба со вакви предлози и слично да ја девалвираме успешната работа на Комисијата и мислам дека прашањата на она што значи казна и висина на казна да ги оставиме на правосудните органи и на она што ја викаме трета и независна судска власт.

Во името на Демократската партија на Македонија и во мое лично име целосна поддршка на Извештајот на Анкетната комисија со желба, се разбира како многумина што рекоа да немаме потреба веќе од вакви и слично комисии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Г-динот Шакири има збор.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, Точно е тоа дека јас по втор пат се јавувам за збор, во врска со оваа точка.

Ние знаеме дека на дневен ред беше извештајот, меѓутоа од многу дискутанти беа потенцирани многу работи за кои мислам дека поедини пратеници се повторуваат како референт, особено од претходниот дискутант. Колку тоа ќе придонесе кон стабилност на земјата, кон подобрувањето на меѓунационалните односи, се знае, меѓутоа изгледа дека некој е платен за вакви работи, да држи една тензија во сферата на меѓунационалните односи. Човекот кој е тука, така да кажам поагресивен за некои работи и истиот живее во една средина каде мнозинството се

Албанци. Сега јас прашувам како може тој човек да живее во една средина кога не е задоволен од односот на албанскиот народ. Јас кога би констатирал дека не можам да најдам заеднички јазик, веднаш ќе го напуштам. Ова го кажувам затоа што општо не е компатибилно со вистината бидејќи човекот кој секогаш е најгласен на говорницата за овие работи, кога се на дневен ред меѓунационалните односи., јас мислам дека истиот човек не им мисли добро на Македонија. Ние знаеме дека Македонија од моментот од осамостојувањето, државните органи направиле неколку грешки. Се случи Бит Пазар, се случи Тетово, еве во последно време и Гостивар. Сега за овие работи ако ја отвориме и прочитаме нашата историја во Македонија никогаш не сме имале такви конфликти. И ова прашање треба да се постави. Секаде и помеѓу нас, тука во Парламентот и кај научните луѓе и кај луѓето што навистина имаат одговорност во оваа држава. Зошто за овие 6^7 години се случило ова?

Јас исто така, можам да кажам дека, тоа и историски е потврдено, со репресија, со политичка контрола ништо не може да се направи. Ниеден пратеник не е во состојба да го каже. Дали требаше да се случи Гостивар или не? Јас верувам дека не требаше. Колку тоа беше позитивно за државата? Претходниот дискутант констатира дека само со полиција може да функционира празниот систем на една држава. Така да и многу одговорни луѓе на поранешна СФР, меѓутоа ние знаеме каде ја одвеле таа заедница. Истиот човек, јас се сомневам дека е поврзаник на елитата што ја растури Југославија. Секогаш проблемот за Југославија почнува во Косово. Беше поврзан со Албанците и на крај заврши, знаеме сите како заврши.

На крајот, јас би сакал кога се на дневен ред вакви прашања да кажам дека сите треба поодговорно да дискутираме ако сакаме да ги решаваме проблемите, а не на овој начин, со вакви зборови, со вакви навредувања. Сега ако некој мисли дека ние го најдовме виновникот за гостиварските настани, некој од нас ако е виновник, од нашата средина треба да се каже поконкретно, бидејќи некои пратеници кога дискутираат секогаш гледаат кај нашата пратеничка група. Мислеа, и сакаа да прават, да кажам условно некој екиваш за целата оваа работа.

Г-да, проблемот е многу површински и може да се каже: се донел Законот на 8-ми околу 20 часот, веднаш на 9-ти се интервенирало. Требаше да се остави малку временски простор за примена на тој закон и од страна на општинските органи. Зошто тоа не се направи. Ниеден од нас не го постави тоа прашање. Тоа прашање беше поставено, меѓутоа никој не одговори на него. И сега во Извештајот, бидејќи тој е на дневен ред ние ги дадовме нашите оценки,меѓутоа никој не треба да се лути, ниту да се осети како нерамноправен. Точно е дека ние не прифативме кога се формираше Комисијата да бидеме вклучени. Ние тогаш го дадовме нашето образложение, и сега се во состојба исто така да го образложиме истиот став, бидејќи со еден ваков извештај ништо не може да се направи.

Исто така, на почетокот кога се случија настаните во Гостивар се бараше оставка на министерот, г-динот Чокревски, бидејќи како прв човек тој е одговорен за настаните во Гостивар. Меѓутоа, ода таквото барање покасно предлагачите отстапиле. Сега се бара во друга област виновникот, се разбира во редовите на Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа, од кога и кој тоа треба да го направи, а најмногу министерот, тој што е виновен. Јас би сакал на крај да завршам со еден апел до сите пратеници.

Мислам дека за сите овие проблеми, кои навистина треба да се решаваат, меѓутоа не може ниту една партија, ниту партијата на власт, ниту само Парламентот, туку треба да се собере заеднички сили во оваа држава и да надминеме некои проблеми. Вака, со меѓусебно обвинување, сега во конкретниов случај за гостиварските настани, знаеме, на г-динот Руфи Османи Судот му изрече казна 7 години затвор. Ние знаеме дека на 9-ти јули г-динот Османи беше изолиран. Беше затворен во канцелариите на општина Гостивар. Не можеше човекот да направи ништо добро што е во интерес не само на граѓаните на Гостивар, ниту на РМ. Зошто тоа се случило се назе. Собраната маса да нема контрола, да нема ништо и да биде вака изманипулирана и тоа се постигнале некаде попладне околу 15,00 часот. Тоа треба да го знае и Министерството, и секоја институција која се занимава со овие работи,а особено Министерството за внатрешни работи:

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Реплика за г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас во мојата дискусија не се обратив на никого поединечно. Никого не споменав лично, а некого ако му смета што ќе се изнесе вистината тоа е негов проблем. Споредувањата кој каде е повеќе, кој каде е помалку денес најмалку има потреба од такво нешто и г-дине Шакири нема воопшто да ме заплашите јас да одам од моето Тетово, затоа што Тетово е едно и единствено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Реплика за г-динот Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас не сакам да бидам сфател лошо, ниту некој да ме интерпретира во Парламентот сосема погрешно. Јас реков кога еден човек, како што г-динот, под наводници, бидејќи господин не го прави тоа, сега мора човек како човек тој израз да го употреби, секогаш он е најгласниот во Парламентот. Кога се во прашање меѓунационалните односи, исто така он е поексплозивен и понезадоволен. Се поставува прашање како може еден човек кој воопшто не е задоволен со албанското однесување да живее во една средина, кога Македонија иако е мала земја, меѓутоа за една индивидуа има место секаде. Не треба уште еднаш да повторувам дека не треба мојата дискусија да се коментира во друг правец, како што сака претходниот дискутант.

Јас сакам да апелирам, од неговиот однос, од неговиот пристап во Парламентот дека нема ништо вистина, дека нема ништо што е реално и дека не може човек кој навистина има одговорност, барем кон себе, да го направи тоа. Меѓутоа го прави г-динот секогаш. а зошто го прави не знам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Ве молам, секој овде говори онака како што гледа на работите. Никој не може да влезе во душата на другите што мисли. Немојте со претпоставки.

Има збор г-динот Стојановски:

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Пред се не прифаќам да ми се импутира дека јас сум против Албанците. Со ништо тоа не го реков. Јас живеам многу подобро до дел

од нив, меѓутоа мораме ние тука отворено да разговараме за проблемите , кој ги генерира тие проблеми и прашања. Мислам дека многу јасни беа вашите пораки и мислам дека не се во ред, не се насочени на право место. А јас пред се кога изнесувам ставови пред се мислам најдобро за сите што живеат таму, и Албански и Македонски и Турци и други. Ако не ги изнесуваме вистините, нема да се разбереме. Ќе живееме во заблуда дека работите се прекрасни и ќе не изненадат еден ден.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Има збор г-динот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван заменик министер.

Најпрвин би сакал да кажам дека денешната па и вчерашната седница во никој случај не би требало да ја користиме за политички маркетинг, бидејќи е во прашање расправа за одредени проблеми преку кои се унесреќија одреден број на фамилии, остана инвалиди одреден број на луѓе, беа малтретирани доста број на граѓани.

Кога станува збор за извештајот ќе кажам, сите знаете дека сум член на таа Анкетна комисија и веднаш на почетокот да кажам дека бев свесен, уште кога прифатив да работам во таа комисија, за реперкусиите кои можат да бидат, односно за се она што може да се кажува против таа комисија, е конкретно против Извештајот. Тоа воопшто не ме изненадува. Таква работа очекував. Ова уште повеќе го поткрепувам со тоа што во моето, отприлика 15 годишно директорување, како директор подготвував одреден број на акти во претпријатието и верувајте ми најнесреќен бев тогаш кога немаше спротивставување на актите што ги бев подготвувал, бидејќи секогаш се носев со идеја, секоја работа подготвена од еден човек не може да биде најпаметна. Најдобра работа е кога повеќе луѓе мислат за одредено прашање. Поврзано со Извештајот, оној што сака да го чита, и мерките, мислам доволно јасно зборува за што станува збор.

Морам да кажам уште една работа.

Познато Ви е дека во парламентот сум., еве веќе 8 година. Се сеќавам на првите наши настапи, на првите материјали што ги гледаше ова Собранието во тогашен состав, а еден ми е многу свеж. Се работи за случајот Радолишта. Имаше извештај од Владата што ние кака пратеници Албанци во ова Собрание, не го поддржувавме. Баравме да се врати. Меѓутоа, поаѓајќи од односот на силите во парламентот таквата работа пропадна, така да остана, Информацијата што ја нудеше Владата, за која и денес сметам дека не можеше да биде реалноста. Односот на силите беше таков.

Денес, како што гледате, па дури и одредени лица кои што се познати по своите настапи, какви се тие си знаат,се променети и овој Извештај го подржуваат.

Не сакам да кажам дека сум задоволен од тие што го подржуваат, кои што се познати по нивните настапи. Сакам да кажам повеќе дека го подржуваат лица односно пратеници кои што значат, може ќе ми замерат, не пратениците, туку јавноста, меѓутоа, сепак значат значаен напредок во демократизацијата на односите во Македонија. Го признаваме тоа или не го признаваме, тоа значи напредок. Да се напише еден таков Извештај кога поголем број Албанци се незадоволни, особено опозицијата, а да се напишат такви работи и констатации како што се наведени во Извештајот, мислам дека само едно општество кое води кон демократизација, може тоа да го направи.

Свесен сум за се тоа што го кажав и знам како некои ме гледаат од место. Нека биде тоа негово право, бидејќи може да има право така да гледа, па и да ме условува со тоа што вели дека сум по потекло Албанец. Тоа е негово право.

Кога станува збор за се ова што се констатациите во Извештајот, ќе начнам една работа за која скоро никој, барем јас колку ги следев луѓето, пратениците што зборуваа, воопшто никој не го начна тоа прашање. Прашањето е за фамилиите чии деца односно родители погинаа. Не знам какви се вашите сознанија, општо земено, но моите сознанија се такви, да тие фамилии се наоѓаат во тешка состојба. Тие имаат мали деца, деца кои треба тек да го живеат животот, да пораснат, да се школуваат, а оставени се на страна. Засега никој не им понудил никаква помош. Мислам дека еден од заклучоците на Собранието треба да биде и тоа. Поврзано со овие ли да кажам и нешто друго:

Во анкетата што ја правевме имаше доста луѓе, поголемиот број, меѓутоа за среќа сите не се осудени, кои што се осудени за ништо. Мислам на сите од комисијата, еден или два примери ми се свежи. Тоа е со ќебапчијата, Фаити, ми се чини се презива. Тоа е проблем, ми се чини со оние долу во подрумот што биле. Затоа и тука треба да смогнеме сили и треба да направиме дали тоа Собранието ќе го прави, ќе кажат за

тоа правниците, или ќе го прави Претседателот на Републиката, мора да аболираме. А кога станува збор за аболиција, ќе кажам дека треба да уследи аболиција и за градоначалниците и другите од Гостивар и Тетово. Зошто го кажувам тоа? Го кажувам бидејќи мислам дека, тоа е мое мислење, можеби тие увидоа дека одреден пропуст имаа. Високо културните луѓе, пламенитите луѓе опростуваат. Затоа, и ние треба да смогнеме сили такви работи да направиме, се за добробит на сите нас заедно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам, дами и господа пратеници да завршиме.

Констатирам дека нема никој повеќе за дискусија и го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Изгледа немаме кворум во салата.

Јас се носев со идеја да завршиме денес со овие две точки и идната недела да немаме седница, да се подготвуваме за наредната седница, за 8-ми, кога имаме многу важни точки на дневен ред.

(Дофрлување од место дека на 8-ми е Бајрам).

Добро, нека биде на 9-ти. Нема проблем.

Очигледно дека немаме кворум. Според тоа немаме шанса да продолжиме со работа.

Продолжуваме во вторник на 31 март во 11 часот.

(Седницата прекина со работа во 18 часот).